6.	Фонтани	5
7.	Чешми	5

Покрај редовното одржување на градските паркови и зелени површини потребно е обновување и уредување на неколку површини со сеење на трева и уредување со украсни дрвја и цвеќе и тоа:

1.	Простор на ул. Миро Барага (под рударско игралиште)	2000 $м^2$
2.	Простор помеѓу ул. Нада Михајлова и 28^{ми}Август	800 $м^2$
3.	Уредување на простор и чистење на канал (од тениско игралиште до ветеринарна станица)	800 $м^2$
4.	Уредување на простор кај градски пазар	7000 $м^2$
	ВКУПНО:	**10600 $м^2$**

2. Надоместоците за вршење на хортикултурни услуги изнесуваат:

Ред. бр.	**Вид на работа**	**Ед. мера**	**Цена денари**
1.	Рачно косење со тример	$м^2$	1,40
2.	Машинско косење	$м^2$	1,00
3.	Собирање на трева	$м^2$	0,60
4.	Рачен утовар на искосена трева	$м^2$	0,07
5.	Рачно поливање на зел.површини	$м^2$	1,00
6	Поливање на зелени површини со распрскувач	$м^2$	0,50
7.	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	$м^2$	3,30
8.	Садење сезонско цвеќе	$м^2$	23,30
9.	Прашење цветни површини	$м^2$	19,50
10.	Кроење жива ограда	$м^2$	11,00
11.	Кроење на ружи и цветни грмушки	$м^2$	15,00
12.	Фито заштита	$м^2$	10,25

13.	Метење на патеки во градски парк	м^2	0,30
14.	Стругање плевел по патеки	м^2	7,81
15.	Рачен утовар на лист	м^2	0,22
16.	Окопување на дрва, покривачи, грмушки и др. садници	бр.	15,93
17.	Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење	м^2	4,58
18.	Уништување коров со хербициди по патеки	м^2	10,25
19.	Одржување на фонтана на градски плоштад(за едно чистење)	бр.	1.200,00
20.	Одржување на фонтана во градски парк(за едно чистење)	бр.	1.500,00
21.	Копање на дупки за садење на садници	бр.	132,50
22.	Прихранување на тревни површини	м^2	0,18
23.	Одржување на жардињери -поливање -плевење -прашење	 м^2 м^2 м^2	 0,48 15,93 19,50
24.	Сечење на суви гранки	бр.	81,20
25.	Поливање на дрвореди со цистерна	бр.	2,86
26.	Стружење на стар тревник со д = 5 - 8 см.	м^2	36,00
27.	Фрезирање на површината	м^2	6,00
28.	Сеење, грабулање и валирање на тревно семе	м^2	48,00
29.	Садење на листопадни дрвја	бр.	250,00
30.	Садење на листопадни дрвја многу разгранети со прицврстување на 3 колци	бр.	410,00
31.	Садење на четинари и зимзелени грмушки	бр.	110,00
32.	Садење на листопадни грмушки	бр.	50,00
33.	Садење на рози	бр.	50,00
34.	Садење на сезонско цвеќе на веќе припремена површина	бр.	4,00
35.	Даски за клупи од 1.5м	бр.	200.00
36.	Сечење на дрвја со Ф до 30см.	бр.	500.00
37.	Сечење на дрвја со Ф над 30 см.	бр.	1000.00
38.	Расфрлување на вештачко губре по зелените површини	м^2	1.50

Горенаведените цени се без пресметан ДДВ.

Ред. бр.	**Вид на работа**	**Ед. мера х цена**	**Вкупно**
1.	Рачно косење со тример(30%од вкупна површина)	14482м^2 * 1.40 * 8	162 198.40
2.	Машинско косење	35192м^2 * 1.00 *8	281 536.00
3.	Собирање на трева	48274м^2 * 0.60 *16	463 430.00
4.	Рачен утовар на искосена трева	48274м^2 * 0.07*16	54 067 ,00
5.	Рачно поливање на зелени површини -Гр.парк -Зеленило пред собрание -Зеленило пред кино - Зеленило на ул. Ј. Стојанов -Парк помеѓу ул.Ц.Тонев и Ленинов плоштад -Зеленило на секундарниот плоштад	5495м^2 * 1.00*30	164 850.00
	Поливање на зелени површини со распрскувач -површина кон полиција -триаголници -спомен парк	35854м^2 * 0.50*30	537 810.00

6.	-спортско рек. зона -кружни текови -спортски терени -површина кај градски пазар		
7.	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци -Гр. парк+ површина кон полиција -триаголници -површина околу собрание -површина пред кино -зеленило на ул. Ј.Стојанов -зеленило на градски пазар -зеленило во Лесново	7854м^2 * 3.30*10	259 182.00
8.	Садење сезонско цвеќе	500м^2 * 23.30	11 650.00
9.	Прашење цветни површини	500м^2 * 19.50*5	48 750.00
10.	Кроење жива ограда	250м * 11.00	2 750.00
11.	Кроење на ружи и цветни грмушки	100бр. * 15.00	1 500.00
12.	Фито заштита	250м^2 * 10.25	2 562.50
13.	Метење на патеки во градски парк -50%од вкупната површина	2250м^2+1160м^2 * 0.30*48	49 104.00
14.	Стругање плевел по патеки -50%од вкупната површина	1160м^2 * 7.81*2	18 192.20
15.	Рачен утовар на лист -Градски парк+повр. кон полиција -Парк помеѓу ул. Ц.Тонев и Ленинов плоштад -Спортско рек.зона	9551м^2 * 0.22*10	10 506.10
16.	Окопување на дрва, покривачи, грмушки и др. садници	1438бр. * 15.93	22 907.43
17.	Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење	500м^2*4.58	2 290.00
18.	Уништување коров со хербициди по патеки	2000м^2 * 10.25	20 500.00
19.	Одржување на фонтана на градски плоштад	2* 5бр. * 1200	12 000.00
20.	Одржување на фонтана во градски парк	2*5*2500	15 000.00
21.	Копање на дупки за садење на садници	100бр. * 60	6 000.00
22.	Прихранување на тревни површини (без површина во Лесново)	44049м ^{2} * 0.18	7 928.82
23.	Одржување на жардињери -поливање -плевење -прашење	250м^2 * 0.48*10 250м^2 * 15.93*10 250м^2 * 19.50*10	1 200.00 39 825.00 48 750.00
24.	Сечење и кроење на дрвја и суви гранки (планирано)	80бр. * 81.20	6 496.00
25.	Сечење на дрвја со Ф до 30см.	40бр*500	20 000.00
26.	Сечење на дрвја со Ф над 30 см.	20бр*1000	20 000.00
27.	Даски за клупи од 1.5м	30бр*200	6 000.00
28.	Расфрлување на вештачко губре по зелените површини	32 326м^2*1.5	48 489.00
29.	Поливање на дрвореди со цистерна	500бр. * 2.86*5	7 150.00
30.	Стружење на стар тревник со д = 5 - 8 см. Парк помеѓу ул. Ц.Тонев и Ленинов плоштад	2500м^2 * 36.00	90 000.00
31.	Фрезирање на површината -Парк помеѓу ул. Ц.Тонев и Ленинов плоштад -Градски парк+повр. кон полиција	6851м^2 * 6.00	41 106.00
32.	Сеење, грабулање и валирање на тревно семе(планирано)	4 000м^2* 48.00	192 000.00

33.	Садење на листопадни дрвја(планирано)	100 бр. * 250	25 000.00
34.	Садење на листопадни дрвја многу разгранети со прицврстување на 3 колци (планирано)	25 бр. * 410	10 250.00
35.	Садење на четинари и зимзелени грмушки со (планирано)	25 бр. * 110	2 750.00
36.	Садење на листопадни грмушки(планирано)	30 бр. * 50	1 500.00
37.	Садење на рози(планирано)	100бр. * 50	5 000.00
38.	Садење на сезонско цвеќе на веќе припремена површина	3000бр.* 4.0	12 000.00
39	Холтикултурно уредување во општина Пробиштип	пауш	1 640 000,00
		ВКУПНО:	**4 372 230,00**

2. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

Работите за одржување на јавните зелени површини ќе се извршуваат спрема оперативниот план разработен по месеци за тековната година спрема слични стандарди за одржување.

- рачно чистење на јавни зелени површини се извршуваат секојдневно на сите површини во центарот на градот;
- двапати неделно (по потреба и почесто) ќе се чистат и останатите јавни зелени површини;
- собирање на лисја се врши во период од септември до февруари;
- одржување и нега на тревниците започнува со почетокот на вегетацијата (март) и завршува континуирано до септември;
- одржување и нега на дрвјата во парковите и дрвореди се одвива континуирано во текот на целата година(кастрење, кроење и сл.);
- прихранување со арско ѓубре најмалку еднаш годишно (март);
- садење на дрвја се врши во период на мирување на вегетацијата;
- одржување на украсни грмушки и жбунови се врши континуирано, во фаза на вегетацијата се врши плевење, окопување, кастрење и сл.;
- садење на сезонско цвеќе се врши двапати годишно, едногодишни врсти во месец април, а врсти кои р'тат од луковици во месец Октомври;
- одржување и нега на сезонски и трајни жардинерии се врши континуирано што подразбира плевење, окопување, полевање и сл.;
- посипани со песок и поплочени површини во паркови и детски игралишта ќе се врши континуирано во текот на целата година;
- косењеи уништување на коров и плевел на неуредени површини се спроведува во текот на целата вегетација;
- сечење на стари дрвја;

Вкупно трошоци за реализирање на Програмата
4.372.230,00 + ДДВ = **5.159 231,00 денари**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/11 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр5/2002 и член 21 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Пробиштип(Службен гласник на Општина Пробиштип број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а по предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја усвои следната

ПРОГРАМА
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2020 година

Реализацијата на оваа програма ќе се финансира од комуналната такса за улично осветлување и од други изворни приходи.

На долнава табела е прикажан комплетен преглед на планирани средства по основ на комунална такса .

ТИПОВИ НА ОБВРТЗНИЦИ	KWh	цена	Бр. на обврзници	ден/месец
Домакинства	25	139	5700	792.300,00
Објекти на трговски друштва	50	278	585	162.630,00
10 KV-тни потрошувачи	100	556	4	2.224,00
35 KV-тни потрошувачи	150	834	2	1.668,00
		за месец		958.822,00
		за година		11.505.864,00

Овие сретства се планират да се наменат према расходите планирани во две подпрограми:
Подпрограма ЈА-Изградба и реконструкција на јавно осветлување
Подпрограма ЈЗ-Одржување на улично осветлување

I. ПРИХОДИ		
1	Комунална такса за улично осветлување	11.505.864,00
2	Други извори на финансирање	6.422.136,00
	Вкупно:	17.928.000,00
II.РАСХОДИ		
Подпрограма ЈА-Изградба и реконструкција на јавно осветлување		
1	За изградба и реконструкција на улично осветлување	9.828.000,00
	вкупно	9.828.000,00
Подпрограма ЈЗ-Одржување на улично осветлување		
1	За потрошена електрична енергија.	7.200.000,00
2	За тековно одржување на постојното улично осветлување	900.000,00
	вкупно	8.100.000,00
	СЕ ВКУПНО	17.928.000,00

Состојбата на приходите и расходите е утврдена врз основа на:

ПРИХОДИ

1.Према законот за комунални такси и список на обврзници за комунална такса доставен од ЕВН кој законски е обврзан за наплата на комуналната такса

РАСХОДИ

ЈА-1 .За изградба и реконструкција на улично осветлување Планираните расходи за изградба и реконструкција на мрежа за уличното осветлување во Општина Пробиштип се дадени во следнава табела,

Р.б	Улица	Опис	бр	ед.цена	Вкупно
1	Пат кон Добрево од спој со улица Кочо рацин до Мост со должина од 680мсо LED осветлување и	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елементи-13 метални столбови се половни што веке ги имаме а 7 се планирани нови со л=8м	13	45.000,00	585.000,00
			7	65.000,00	455.000,00
2	Улица 3-ти Април од улица Миро Барага до улица Кочо Рацин л=700м со LED осветлување	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елемент	према проект		1.900.000,00
3	Улица Тодор Александров од спој со ул.Никола Карев до спој со улица Методи Андонов Ченто л=800	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елемент	према проект		2.000.000,00
4	Улица Македонски Револуционери од улица Димитар Влахов до регионален пат л480=700м со LED осветлување	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елементи	26	65.000,00	1.690.000,00

5	Улица во Камењар на делот покрај гробишта населба Камењар со должина од 380м со LED осветлување	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елементи	13	65.000,00	845.000,00
6	Улица Илинденска во должина од 700м	Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елементи	25	65.000,00	1.625.000,00
7	Повеке месни заедници по потреба	нови сијалични места комплет со дрвен столб, кабел и светило со енергетско ефикасени светилки	10	20.000,00	200.000,00
8	Повеќе месни заедници по потреба	Нови сијалични места на постојни столбови со инсталирана мрежа	16	8.000,00	128.000,00
9	Украсување		пауш		250.000,00
10	Проектирање и ревизија на проекти за улично осветлување		пауш		150.000,00
вкупно:					**9.828.000,00**

Ј3-Одржување на јавно осветлување

1. За потрошена електрична енергија.

Према проценки од предходни години и постојна мрежа за ул.осветлување.

2.Тековно одржување на постојното улично осветлување

Тековното одржување се однесува на:

-Интервентно одржување по потреба при појава на дефект во поголем размер.

-Редовно одржување со следнава динамика:

а)Во градот Пробиштип поради поголемата обемност на градот редовното одржување ќе се подели по населби и тоа:

-Централното гратско подрачје-шест пати во годината.

-Село Пробиштип-четири пати во годината.

-Населба Камењар и сКалниште- четири пати во годината.

-Лиса Гара- четири пати во годината.

Б)Во населените места (селата) трипати во годината и тоа пред селските слави, за секое село посебно, и дваапати по четири месеци следствено.

В)Во Злетово четири пати во годината.

Доколку има можност, поправка на уличното ке се врши и по пријава од лица.

-Под редовно одржување се подразбира, вршење редовна контрола и санација на констатирани дефекти .

Напомена:

-Временските термини ќе се усогласат према условите и потребите, во консултација со ЕВН-Кочани.

За тековното одржување се планирани следниве расходи:

Материјал за тековно одржување	вкупно материјали со ДДВ
Промена на сијалици од сите типови	350.000,00
Промена на сите предспојни уреди од сите типови	250.000,00
користење на специјално возило за промена на светилки	150.000,00
Промена на опрема во командно мерни ормари	150.000,00
ВКУПНО	900.000,00

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/12
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014, 14/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип, му предлага на Советот да ја усвои следната:

Програма за Одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2020 година

Општина Пробиштип во рамки на своите надлежности во текот на 2020 година ќе ги одбележи следните празници, манифестации и настани:

Рб	Планирани активности и проекти	Финансирање		
		буџет	*донација*	*друго*
1	***7 Јануари-Божиќ*** ***(5 Јануари Бадниково гранче).*** ***6 Јануари- Бадникари кај Градоначалникот)*** 1.1. Берење на бадниково гранче и палење на коледарски оган. - Ангажирање на автобуси за превоз на населението до месноста Жгури.. 8.000,00 - Набавка на златник и сребреник за кумовите на настанот..................... 12.000,00 - Транспорт на маси за поставување на посната трпеза на местото на настанот.. 6.000,00 Место на настан: месност Жгури и нас. Карпош 1.2. Најава на најголемиот христијански празник - Божиќ со Бадникари кои со литија ќе дојдат на Градски плоштад каде ќе ги прими Градоначалникот. Воедно црковниот хор ќе пее црковни и Божиќни песни. - Набавка на бадникарски пакетчиња за Бадникарите...... ....5.000,00 Место на настан: Градски плоштад.	31.000,00		
2	***19 Јануари-Водици*** Во соработка со црковните одбори на црквите Пресвета Богородица од Пробиштип и св. Пречиста Богородица од Злетово, организирање на настан - осветување на водите во Пробиштип/Злетово и фрлање на крст . - Набавка на подароци за среќните пронаоѓачи на светиот крст.......16.000,00 обезбедување на греана ракија и чај..20.000,00 - Маици (Злетово)................................10.000,00 - Крпи (бањарки)..................................20.000,00	66.000,00		
3.	***28 Јануари Св. Гаврил Лесновски*** *Чествување на прзникот на спомен обележјето на градскиот плоштад.* *Набавка на цеќе.....................................800,00* *Набавка на погача 200,00*	1.000,00		

4.	***21 Март - Ден на пролетта, Манифестација „Зелникот на баба"-*** Меѓународна манифестација на која ќе има гости од Р. Македонија, Р. Бугарија и Р. Србија - Ревија на зелници и изработки од тесто.Промоција на овој специјалитет и презентација на изготвување на истиот. Културно уметничка програма. Место на настанот: Градски плоштад - Музички артисти..............................40.000,00 - Храна и пијалаци за учесници во програмата ....14.000,00 - Потребни материјали (здели и др.)... 8.000,00 - Грнчарија (награди).........................10.000,00 - Изработка и печатење на дипломи, благодарници, пластифицирани обележја на учесниците..................2.000,00 - Хартиена чинија со фолија........6.000,00 - Даска за храна (брендирана - награда на натпреварувачите)............................15.000,00 - Престилка (брендирана)............17.500,00 - Печатење на церада.......................15.000,00 - Превоз на маси за штандови на манифестацијата............................... 4.000,00 - Бина, рампа, озвучување...........40.000,00	171.500,00	60.000,00 157.300,00 (аплицирано до Министерство за култура - Проекти од национален интерес)	
5.	***22 март - Младенци*** (Садење на рози од страна на младенците кои стапиле во брак претходната година) - Набавка на садници - рози 10.000,00		10.000,00	
6.	***1-ви Април - Ден на шегата-Пробиштипски маскенбал*** Дефиле и перформанс на групни маски од Пробиштип и повеќе градови во РМ и од Србија. - Водител на настанот...................... 6.700,00 - Фотографирање на настанот... 3.000,00 - Рекламен материјал.....................10.000,00 - ПВЦ Украсни балони..................... 4.650,00 - Украсна шарена фолија...............6.000,00 - Манила конец во котор.................3.000,00 - Безопасна игла................................. 5.000,00 - Ластик (5м x 1 цм)............................. 1.000,00 - Огномет..25.000,00 - Озвучување и осветлување, рампа (Во Злетово и Пробиштип)....................50.000,00 - Парични награди..............................67.000,00 - Печатење на церада......................15.000,00 - Печатење на дипломи, ваучери и обележја на персоналот................ 2.000,00	163.350,00	60.000,00 126.000,00 (аплицирано до Министерство за култура - Проекти од национален интерес)	
7.	***3-ти Април - Нападот на Пробиштип од страна на Третата ударна бригада.*** Во соработка со Резервниот состав на офицери, Продолжувачи на традициите од НОБ на општина Пробиштип и Студентскиот	1.000,00		

	дом „Доне Божинов" одбележ. на настанот. Место на настан:Спомен парк - Набавка на свежо цвеќе............... 1.000,00			
8.	***Велигден - Велигденски хепенинг*** **Одбележување на најголемиот празник на православните христијани.** Изложба на шарени велигденски јајца. Натпревар за избор на најшарено велигденско јајце проследено со културно уметничка програма. Место на настан: Градски плоштад - Награди - грнчарија...........................6.000,00 - Парични награди...............................12.000,00 - Ваучери и Дипломи...........................1.000,00 - Украси ....3.000,00 - Превоз на маси за настанот........4.000,00	26.000,00		
9.	***Ѓурѓовден*** Покровителство на одбележувањето на денот на ромите.	10.000,00		
10.	***9^{ти} мај - Ден на победата над фашизмот*** Место на настан: - Дефиле на учениците од општинските училишта, посета на спомен бистата на Јаким Стојковски во центарот на градот читање на песни за паднатите борци и читање на реферат за значајот на овој празник и полагање на свежо цвеќе. - Набавка на свежо цвеќе..............1.000,00	1.000,00		
11.	***18 Мај - Матурска забава*** Дефиле на матурантите на градскиот плоштад, прогласување на најдобриот ученик на генерацијата и обраќање на Градоначалникот и Директорот на средното училиште. - Огномет...35.000,00 - Набавка на рози..............................10.000,00 - Балони со хелиум........................... 3.000,00 - Постер - позадина..........................13.000,00 - Свечени украсни ленти.............. 3.725,00 - Поставување на рампа, озвучување и осветлување...30.000,00 Сттипендија за ученикот на генерација - 2 x 2.000,00 x 5 m. = 20.000,00 + персонален данок 2.222,00 = 22.222,00 - 3 x 2.000,00 x 3m = 18.000,00 + ПД...20.000,00	94.725,00 43.000,00		

12.	***Јуни - Јули - Лесновска ликовна колонија*** Организација на Меѓународната манифестација Лесновска ликовна колонија (Набавка на бои и платна за учесниците на колонијата) Место на настан: с. Лесново - Набавка на бои и платна..80.000,00 - Набавка на бел лесонит за палети на уметниците.. 840,00	80.840,00		
13.	***Културни настани во текот на летниот период (Меѓуопштинска соработка и други настани кои не се предвидени со програмата)***	50.000,00		
14.	***2ри Август - Илинден, Ден на илинденското востание и првото заседание на АСНОМ*** Празникот ќе се одбележи во Злетово, а во соработка со месната заедница на Злетово. Место на настан: -Повеќенаменско игралиште - Набавка на свежо цвеќе.................1.000,00 - Музичка група....................................30.000,00 - Рампа за позадина, осветлување, озвучување...30.000,00 - Фотографирање и снимање на настан..2.000,00	63.000,00		
15.	***28ми Август - Голема Богородица ,ден на рударите и патрон на градот*** Свечена седница Доделување на вредносни ваучери на ученици со освоени награди на републички натпревари. Културни манифестации (културно уметничка програма во рамки на „Неделата на спортот и културата") Вечер на фолклорот , вечер со македонски ѕвезди, вечер со Балкански ѕвезди, Театар, Вечер посветена на класичната романтична музика со модна ревија. Место на настан: Амфитеатар на секундарен плоштад Плато пред Дом на култура Секундарен плоштад - Печатење на Билборди, плакати, флаери за реклама на настанот.30.000,00 - Печатење на маици за реклама на настанот...30.000,00 - Украсни кеси....................................... 2.000,00 Вечер на фолклорот и вечер на театарот - Набавка на рампа за позадина, со озвучување и осветлување..........30.000,00	1.136.000,00	1.500.000,00 514.000,00 (аплицирано до Министерство за култура - Проекти од национален интерес)	

	- Храна и пијалаци за учесниците...10.000,00 Вечер со македонски ѕвезди - Ангажман на музички артисти...300.000,00 - Ангажман на водител........... 20.000,00 Мобилни тоалети.........................55.000,00 Обезбедување...................................71.000,00 Снимање со кран и директно вклучување од местото на настанот на фејсбук...50.000,00 Балканска вечер -Предгрупа.......................................50.000,00 -Голема бина со расвета и со озвучување х 2 дена..150.000,00 Изнајмување на инструменти.................................24.000,00 Вечер посветена на роматичната класична музика - Ангажирање на музички артисти..60.000,00 ....30.000,00 - Рампа, озвучување и осветлување......................................30.000,00 Свечена седница - Ангажирање на музички артисти..30.000,00 - Фотографирање и снимање на манифестацијата...........................10.000,00 - Превоз на маси, инвентар, реквизити за 26 и 27.08.2019.................................. 4.000,00 - Доделување на вредносни ваучери на ученици и ментори кои имаат освоено прво, второ или трето место на републички или меѓународен натпревар...150.000,00 - Доделување на трофеи (златни плакети и специјална плакета) на свечената седница...30.000,00			
16.	Почеток на учебната година (Редоследно, секоја година се одбележува почетокот на учебната година во едно од основните општински училишта. На настанот присуствува Градоначалникот) Дидактички материјали за сите прваченца на територија на општина Пробиштип...30.000,00	30.000,00		
17.	***8мии Септември - Ден на ослободувањето на Пробиштип и ден на независноста и самостојноста на Република Македонија*** - Набавка на свежо цвеќе.............1.000,00 - Набавка на знамиња на Република Северна Македонија.................30.000,00 - Набавка на спрејови во боја за сликање на улични графити.....................12.000,00	43.000,00		

18.	***5 Октомври - Ден на учителот*** Прогласување на најистакнати наставници за претходната учебна година Место на настан: Сала на Совет на општина Пробиштип - Набавка на свежо цвеќе.................3.000,00 - Печатење на благодарници и набавка на свечени папки..................................2.000,00	5.000,00		
19.	***Октомври*** ***Детска недела*** (Прием на првачињата од страна на Градоначалникот) Чокаоладце или некој кроасан со сокче.. 6.000,00	6.000,00		
20.	***11-ти Октомври - Ден на востанието во РМ*** Место на настан: Споменици од НОБ Набавка на свежо цвеќе...................1.000,00	1.000,00		
21.	***23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба*** - Набавка на свежо цвеќе.................1.000,00	1.000,00		
22.	***Октомври - „Профест" Републички натпревар на пејачи аматери*** Фестивалот е во организација на Општина Пробиштип и на Дом на културата. - дипломи, благодарници.......2.000,00 - златен,сребрен и бронзен воденичен камен(грнчарија) 3.000,00	5.000,00	60.000,00	
23.	***8 Декември - Св. Климент Охридски*** Фото изложба по Конкурс за најдобра фотографија со мотиви од општина Пробиштип - Парични награди..............................13.000,00 - Печатење на Благодарници и ваучери..1.000,00 - организациски трошоци............1.000,00	15.000,00		
24.	***31-ви Декември - Нова Година*** Новогодишна приредба - Дедо мраз меѓу пробиштипјани и злетовчани - Набавка на бонбони........................30.000,00 - Хонорар .... 6.000,00 - Набавка на чоколади за дечињата кои ќе го посетат Градоначалникот...4.000,00 - Фотографирање и снимање на манифестацијата...................................6.000,00	46.000,00		
25.	***-Превоз на учесниците од Пробиштип*** на Струмичкиот карневал..........14.700,00 -Прилепскиот карневал.............22.050,00 -Радовишки карневал.................10.350,00 - Кавадаречки карневал.............12.900,00 - Храна (сендвичи и вода)...........24.000,00	84.000,00		
26.	***Поддршка на невладини организации кои се бават со дејноста култура и одбележување на одредени значајни датуми од нашата историја, а кои ќе бидат***	40.000,00		

	вклучени во одбележувањето на општински празници и културни манифестации или ќе ја претставуваат општината на некоја значајна манифестација.			
27.	***Поддршка на Месни заедници во областа на културата*** *(манифестации, настани)*	40.000,00		
28.	***Поддршка на општинските училишта за реализирање на активности од Стратегијата на општина Пробиштип за Меѓуетничка интеграција во образованието*** *(Овие средства ќе се искористат претежно како поддршка за патување на учениците до нивните партнер училишта во рамки на државата)* *- 3 Училишта х 30.000,00 денари*	100.000,00		
29.	***Изработка на Стратегија за образование на општина Пробиштип*** *- Печатење на стратегијата....30.000,00* *- Изработка, печатење на прашалници и нивна дистрибуција.........................4.000,00*	34.000,00		
30.	***Изработка на стратегија за култура на општина Пробиштип*** *- Печатење на стратегијата....30.000,00* *- Изработка, печатење на прашалници и нивна дистрибуција.........................4.000,00*	34.000,00		
31.	***Други потребни работи за потреби на општина Пробиштип*** *- Врамување на слики.......................36.000,00* *- Резбана кутија со ликот на Св. Гаврил Лесновски и Св. Гаврил Светогорец (за подарок)..36.000,00*	72.000,00		
32.	***Презентација на општина Пробиштип***	300.000,00		
ВКУПНО :		**2.794.415,00**	**2.487.300,00**	
СЕ ВКУПНО:		**5.281.715,00**		

За реализирање на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип. Дел од средствата ќе бидат обезбедени преку спонзорство. Во реализацијата на оваа програма ќе се вклучат Основните училишта, Средното училиште, Детската градинка, Домот на култура и други установи и организации од општина Пробиштип.

Програма влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/13
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 6 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2018 година ја усвои следната:

П Р О Г Р А М А

За спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2020 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови. Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Пробиштип настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Пробиштипјани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

Од страна на општина Пробиштип до спортските здруженија кои што ги имаше во програмата за 2019 година, се достави барање во кое општината бара од здруженијата финансиска програма за активности во 2020 година. За сите останати спортски здруженија кои не беа предвидени во програмата за изминатата 2019 година и здруженија кои во

меѓувреме се регистрирани упативме јавен повик преку локалните медиуми, на ВЕБ страната на Општина Пробиштип и преку фејсбук профилот на општината. Од нивна страна беше позитивно одговорено на барањето и до општината беа доставени нивните финансиски програми за активности во 2020 година. Врз основа на доставените програми, а и однапред утврдените критериуми од страна на Одделението за јавни дејности како што се:

- Лига во која се натпреваруваат спортските друштва;
- Настапи на меѓународни, републички, регионални, општински натпревари, првенства, купови, турнири.
- Постигнати резултати
- Опфат на спортисти

До Општина Пробиштип Програми Програми доставија -------- спортски екипи, ______________________________. Од скромните средства со кои располага општината, дел од тие активности ќе бидат помогнати од Буџетот на општина Пробиштип, а секако и врз основа на покажаните резултатаи во изминатата година и тоа:

КК "ПРОБАСКЕТ", за да функционира овој спортски клуб во рамки на натпреварите на младите категории (женски), кои што опфаќаат голем број на млади спортистки кои што се натпреваруваат во рамки на младинската лига во РМ, а со цел да им помогнеме на младите кошаркарки кои што редовно пријавуваат учество во младинска лига , но и имаат резултати предвидовме средства во износ од ....**111.100,00 денари.**

ОК " ВЕСНА ПРОБИШТИП" - од причина што опфаќа повеќе категории кои ќе претставуваат идни успешни одбојкари во ОК „ Весна Пробиштип", од општинскиот буџет се предвидени со поддршка од ....**111.100,00 денари.**

Р.К. „ВЕСНА АКУМУЛАТОРИ" ПРОБИШТИП доставува барање за финансиски средства. Клубот се натпреварува во прва лига - мажи (Група 1). Заради поуспешно функционирање на овој нов спорски клуб од страна на општинскиот буџет се предвидени средства за поддршка во износ од **111.100,00 денари.**

ФК „ЗЛЕТОВО ЈУНИОР", кој се натпреварува во Третата фудбалска лига - Источен регион, а кој опфаќа 30 деца од Злетово, а заради успешно функционирање на овој клуб Општина Пробиштип во Буџетот за 2019 година предвидува средства за овој клуб во износ од ....**44.400,00 денари.**

ФК „РУДАР ЈУНИОР", опфаќа активни 120 члена, деца на возраст од 6-16 години, кои активно тренираат фудбал и истите претставуваат расадник за препознавање и развој на идни квалитетни фудбалери, а Општина Пробиштип истите ќе ги поддржи со.. **44.400, 00 денари.**

„ВАДО КАРАТЕ ДО УНИЈА" , која е членка на светската карате конфедерација и се натпреварува турнирски, опфаќа голем број на членови кои одат и се натпреваруваат на повеќе меѓународни турнири, за нив како поддршка издвоивме од Буџетот на Општина Пробиштип...**33.300,00 денари.**

„ЗУСДП" ПРОБИШТИП за активности во рамки на училишниот спорт доби поддршка доколку организира спортски настани (републички натпревари и сл.) во износ од ....**22.300,00 денари.**

Што се однесува до **традиционалните турнири во мал фудбал** кои се одржуваат под покровителство на Општина Пробиштип и тоа: **Илинденски и 28 августовски** за нивна реализација од буџетот на општина Пробиштип се предвидени (Илинденски.......80.000,00 и 28 августовски 112.700,00 денари или) ....**192.700,00 денари.**

Во делот на спортски турнири во мал фудбал, на барање од страна на МЗ на с. Ратавица, и годинава во програма го ставаме традиционалниот **турнир во мал фудбал** што се одигрува **во с. Ратавица по повод верскиот празник „Света Троица"**, а од општинскиот

буџет ќе биде поддржан со средства во износ од ....**34.000,00 ден.**

За организирање и реализација на **тенискиот турнир "Пробиштип ОПЕН"** , а во чест на 8-ми септември, кој исто така е под покровителство на општината потребно е да се предвиди во Буџетот со средства од ....**33.400,00 ден.**

Традиционалниот **турнир во баскет**, кој се одржува по повод 28 август, а е под покровителство на општината е предвиден со ....**47.000,00 ден.**

Турнирот во одбојка на песок, кој побуди голем интерес, а кој се организира во женска и во машка категорија во преубавиот амбиент на Аква паркот „Македонија" во Пробиштип, со општинскиот буџет е предвиден со средства од ....**120.000,00 ден.**

На крајот на годината, а со цел да им дадеме на значај на сите оние кои што се истакнале на некој начин во спортот, индивидуално или екипно им доделуваме награди на истакнати спортисти и спортски екипи, односно прогласуваме најдобри спортисти во следниве категории:

- Спортист на годината кој се натпреварува во рамки на општина Пробиштип
- Спортист на годината кој се натпреварува надвор од општина Пробиштип и
- Спортски клуб на годината.

Според следните критериуми:

Со својата игра се истакнале во текот на целата натпреварувача сезона и постигнале низа на резултати, а со својата игра придонеле во успехот на спортските клубови или како поединци се стекнале со некоја награда. Да се активни спортисти кои имаат значителна минутажа во рамки на спортските клубови. Да се членови на сениорски репрезентативни тимови.

За спортистите се предвидени парични награди во износ од 15.000,00 денари, а за спортскиот клуб 30.000,00 денари, а заедно со организациските трошоци се предвидени вкупно...**127.400,00 ден.**

Од причина што во текот на годината се случуваат одредени настани кои ние сега во моментот не можеме да ги предвидиме, а се во организација на спортски друштва или институции во Република Македонија, а се од голема важност за развојот на спортската култура во градот, а и воопшто - промоција на Пробиштип надвор од границите на општината и на државата, за тие настани кои ќе се случуваат инцидентно се предвидени средства за нивна подршка во износ од ....**50.000,00 денари.**

За подршка на новоформирани спортски клубови во текот на годината и за нивно профункционирање предвидовме подршка од ....**50.000,00 денари.**

Во Програмата за спорт предвидовме и доделување на награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари на спортски клубови или поединци кои имаат истакнати успеси, односно освоени награди на највисоко државно ниво. За таа намена од Буџетот на општината издвоивме.. **100.000,00 денари.**

За одржување и мали интервенции на спортските објекти и спортски терени предвидени се средства во износ од ....**50.000,00 денари.**

Или табеларно прикажано во делот на барани средства од страна на спортските здруженија и клубови и предвидени средства од страна на општината состојбата е ваква:

Подпрограма ЛО – Поддршка на спортски клубови и спортски турнири во организација на Општина Пробиштип

Р.б.	Планирани активности и проекти	Финансирање

		буџет	донација	друго
1	КК „ПРОБАСКЕТ"	111.100,00		
2.	ОК „ ВЕСНА ПРОБИШТИП“	111.100,00		
3.	РК „ВЕСНА АКУМУЛАТОРИ“	111.100,00		
4.	ФК „ЗЛЕТОВО ЈУНИОР“	44.400,00		
5.	ФК„РУДАР ЈУНИОР“	44.400,00		
6.	„ВАДО КАРАТЕ ДО УНИЈА“	33.300,00		
7.	„ЗУСДП“ Пробиштип	22.300,00		
8.	Турнир во мал фудбал по повод „2 Август“ Награди...52.300,00 Организациски трошоци (дипломи, пехари, фудбали)......................... 7.700,00 - Печатење на маици..................10.000,00 - Освежителни пијалаци.............10.000,00	80.000,00		
9.	Турнир во мал фудбал по повод „28 Август“ Награди...85.000,00 - Организациски трошоци (дипломи, пехари, фудбали)......................... 7.700,00 - маици...20.000,00	112.700,00		
10.	Турнир во мал фудбал по повод верскиот празник „Света Троица“ во с. Ратавица Награди...22.000,00 Судии - хонорар.......................... 8.000,00 Пехари/дипломи, фудбали..........3.400,00	34.000,00		
11.	Турнир во тенис Награди..30.000,00 Трофеи... 2.500,00 Печатење на дипломи.................. 900,00	33.400,00		
12.	Street ball - (турнир во баскет) Награди за екипите (машки/женски)...........................32.000,00 Пехари... 3.000,00 Печатење на дипломи,	47.000,00	450.000,00	

	Благодарници.............................. 2.000,00 Маици..10.000,00			
13.	Турнир во одбојка на песок (мажи, жени) Награди: I место....30.000,00 x 2 = 60.000,00 II место....15.000,00 x 2 = 30.000,00 Перс. Данок........................10.000,00 Организациски трошоци(трофеи, дипломи..............................10.000,00 освежителни пијалаци)....10.000,00	120.000,00		
14.	Избор на спортисти и спортски клуб на годината Избор на спортист на годината во повеќе категории: Најдобар спортист кој се натпреварува во спортски клуб или самостално во општина Пробиштип. Најдобар спортист кој се натпреварува во спортски клуб или самостално надвор од опшина Пробиштип и Спортски клуб на годината Најдобар спортист - во општина Пробиштип...................................16.700,00 Најдобар спортист надвор од општина Пробиштип...................................16.700,00 Најдобра спортска екипа............34.000,00 Трофеи/благодарници/дипломи.30.000,00 Коктел..30.000,00	127.400,00		
15.	Поддршка на спортски манифестации кои ќе се одржат во нашата општина и надвор од општината во други градови на Македонија и надвор од неа.	50.000,00		
16.	Подршка на новоформирани клубови во текот на 2019 година и на поединци - спортисти за искажани активности.	50.000,00		
17.	Награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари	100.000,00		
18.	Оддржување и мали интервенции на спортските терени во општина Пробиштип	50.000,00		
ВКУПНО ЛО:		**1.282.200,00**	**450.000,00**	
СЕ ВКУПНО		**1.732.200,00**		

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип.

Средствата предвидени во Буџетот на општина Пробиштип не се доволни за да ги покријат сите потреби на спортските друштва, од таа причина ги охрабруваме да бараат спонзори кај приватните стопанственици, односно да не се базираат на средствата од Буџетот на општината од причина што располагаме со скромни средства за оваа намена, а

и во секој случај и на нив ќе им биде многу подобро доколку се потрудат и најдат спонзори кои ќе им ги покријат трошоците.

За поздрав е тоа што ОК „Весна Пробиштип“ и РК „Весна Акумулатори“ ги спонзорира Фабриката за акумулатори „Таб Мак“ и ФК „Рудар“ Пробиштип е финансирана од Рудникот за олово цинкова руда „Бул Мак 2016“.

Општина Пробиштип настојува, секако во рамките на своите можности да организира турнири на кои најголеми конзументи секако се младите, со што сакаме да ги насочиме кон спортот и спортските активности, а воедно сите спортски игралиштаи објекти со кои располагаме да ги ставиме во функција на љубителите на спортот и што повеќе да ги користат.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), на предлог на Советот за јавно здравје на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

Програма на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година

Ре дб р.	Општи Мерки	Цел на активноста	Насоки	Извршител и	Времен ска рамка	Буџет
1.	**- Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување**	-детектирање на причинаната на загадувањето на водата -известување на потрошувачите и давање соодветни препораки -прекинување или ограничување на испрачувањето на водата -поставување натпис **ВОДАТА НЕ Е ЗА ПИЕЊЕ** -спроведување мерки за одстранување на загадувањето -навремено известување на населението за	-опис на водоснабдителни објекти -хлорирање и динамика на водата -анализа на водата	ЈКП „Никола Карев Центри за јавно здравје	2020	/

		прекин на вода				
2.	**-Отстанување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина**	-заштита на населението и на животната средина со отстанување на отпадните води -собирање на комунален смет од домакинставата -превентивна заштита на вработените во ЈКП	-начин и дистрибуција на отпадни води, тврдиот и течниот отпад -собирање и динамика на смет, дистрибуција на отпадни води, -задолжител. вакцинација	ЈКП „Никола Карев	2020	/
3.	**Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти и предучилишни и училишни установи**	-одржување на беспрекорни хигиенски услови -следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи -следење на здравствената состојба на учениците -задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи	-број на детски градинки и училишта -капацитет на деца Број на вработени -формирање комисија за следење на заразни заболувања -правење досие за секое дете -вршење здравствени прегледи на вработените -соработка со здравен дом вакцинации	ЛС, училишта , детски градинки, центри за јавно здравје	2020	/
4.	**Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**	-Промоција и здравствена едукација на учениците и вработените за заразните болести	- Соработка со Здравен дом и ЦЈЗ -одредување теми за едукативни предавања	-ЛС, ЦЈЗ,НВО, училишта	2020	/

5.	**Превентивна дезинсекција и дератизација**	Спречување на појава на штетници, носители на зарази	-контрола на вектор преносливите болести со посебен акцент на комарци и крлежи -мапирање санација, чистење на терен и отворени канали, исушување на застојни води и бари, соодветно одложување на комунален и друг отпад	ЛС,НВО, ЦЈЗ,	2020	1.230.000,00
6.	**Систематски преглед на вработените во Општина Пробиштип**	Грижа за здравјето на вработените во Општина Пробиштип	Вршење здравствени прегледи на вработените	ЛС, Избрана здравствена организација	2020	60.000,00
	СЕ ВКУПНО:					1.290.000,00

Средствата за реализирање на програмата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Пробиштип.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/15 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

П О Д П Р О Г Р А М А

За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2020 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Пробиштип предвидува да ги преземе во 2020 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), општина Пробиштип ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и ќе презема мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци) , општина Пробиштип ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2020 година во износ од 1.230.000,00 денари.

Под програмата е составен дел на Програмата на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година и влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/15
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2019 ГОДИНА

Ред.бр.	**Мерки за заштита на населението**	**Временка рамка на преземени мерки**	**Субјект кој ќе ја спроведе мерката**	**Потребни средства во денари**
1.	Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација	Јануари	Општина Пробиштип(ЦРИПР), заедно со МЖСПП,ЦЈЗ,АХВ, ЦУК	/
2.	Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсенција и дератизација	Февруари	ЦЈЗ и општина Пробиштип (ЦРИПР),	/
3.	Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и	Февруари	Општина Пробиштип	/

	дератизација			
4.	Спроведување на ларвицидна дезинсекција	Март - Април (x 2)	Избран извршител	60.000,00
5.	Адултицидно третирање против возрасни комарци на територијата на општина Пробиштип - од земја	Мај x 1, Јуни x 1, Јули x 2 и Август x 1	Избран извршител	190.000,00
6.	Адултицидно третирање против возрасни комарци од воздух на територија на општина Пробиштип	Јули x 2	Избран извршител	800.000,00
7.	Дератизација	Октомври	Избран извршител	150.000,00
8.	Печатење на инфо-материјали , дистрибуција и медиумска кампања	Април, мај, јуни, јули, август и септември	Општина Пробиштип(ЦРИПР), со МЖСПП, АХВ, НВО и др.	30.000,00
9.	Извештај за спроведени активности	Мај, јуни, јули, август, септември, октомври и декември	Избран извршител до општина Пробиштип (ЦРИПР),	
Вкупно :				**1.230.000,00**

Забелешка: Цените се со вкалкулиран ДДВ 18 %.

Број 26-1080/15-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 413 од Законот за безбедност на сообраќајот на патишта (Службен весник 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), на предлог на Советот на ОСБСП – Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година го донесе следниот

АКЦИОНЕН ПЛАН НА КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ ШТО ЌЕ ГИ РЕАЛИЗИРА ОСБСП ЗА 2020 ГОДИНА

1		**Активности на планотна унапредување на сообраќајно воспитание и образование во предучилишните и училишните организации**	
1.1.	**Предучилишни организации**		

			Активности	Целна група	Носител	Индикатор	Рок	Буџет
	1.1.1		Посета на Детската градинка и општинските училишта и запознавање на децата со најосновните поими во сообраќајот на патиштата - акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“	Дечињата од големите групи во Детската градинка и дечињата кои учат во прво одделение во општинските училишта	ОСБСП Пробиштип Полициска станица Пробиштип Детска градинка „Гоце Делчев“ и Општински основни училишта	-Одржани средби со дечињата	април	/
	1.1.2.		Организирање на ликовен натпревар „Сообраќајот околу нас“	Дечињата од големите групи во Детската градинка и дечињата кои учат во прво одделение во општ. училишта	ОСБСП ,Општина Пробиштип , Детска градинка „Гоце Делчев“ и Општински основни училишта	- Одржан ликовен натпревар	Мај	1.000,00
1.2	**Основни училишта**							
			Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	**Буџет**
	1.2.1.		Спроведување на сообраќајно воспитна манифестација „Детски семафор“ на училишно, регионално, државно ниво.	Ученици од двете основни училишта во Пробиштип и од подрачното основно училиште во Злетово	ОСБСП ,Општина Пробиштип , Полициска станица Пробиштип и Општински основни училишта	Одржана манифестација „Детски семафор“	Февруари - Април	5.000,00
	1.2.2.		Организирање на стручни предавања од областа на безбедноста во сообраќајот	Ученици од прво до деветто одделение во општинските основни училишта	ОСБСП, Општина Пробиштип , Полициска станица Пробиштип Општински основни училишта и надлежна организаци	Одржани едукативни предавања по основните училишта	Во текот на целата учебна година	3.000,00

					ја од областа на безбедноста во сообраќајот			
	1.2.3.		Организиарање на квиз натпревари со учениците преку училиштата	Ученици од петто до деветто одделение во општинските основни училишта	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип Општински основни училишта	Одржани квиз натпревари	Ноември - Декември	3,000,00
1.3.	**Средни училишта**							
			Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	**Буџет**
	1.3.1.		Спроведување на сообраќајно воспитна манифестација „Сообраќајно техничка култура на младите“ на училишно, регионално, државно ниво.	Ученици од СОУ „Н.Н. Борче“	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип Општински основни училишта	Спроведена сообраќајно воспитна манифестација	Април	5,000,00
	1.3.2.		Организирање на стручни предавања пред учениците во врска со безбедноста на сообраќајот, кои треба да бидат на повисоко ниво	Ученици од СОУ „Н.Н. Борче“	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип Општински основни училишта и надлежна организација од областа на без. во сооб.	Одржани стручни предавања	Во текот на учебната година	3,000,00
	1.3.3.		Дистрибуција на соодветен сообраќајно воспитен и пропаганден	Ученици од СОУ „Н.Н. Борче“	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска	Добиен и дистрибуиран материјал	Во текот на учебната	/

		материјал, добиен од РСБСП		станица Пробиштип Општински основни училишта		година	
2.		**Активности на планот на унапредување на сообраќајно воспитание и образование со останатите возрасни учесници во сообраќајот (возачи, пешаци, велосипедисти, возачи на запрежни возила и др.)**					
		Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	
	2.1.	Спроведување на акција „Техничка исправност на возилата, гаранција за безбедно учество во сообраќајот"	Возачи во општина Пробиштип	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип Здружение на возачи	Спроведена акција	Во текот на годината	/
	2.2.	Акција за сузбивање на употреба на алкохол кај возачите под мотото „Кога пиеш не вози - кога возиш не пиј"	Возачи во општина Пробиштип	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип Здружение на возачи, надлежна организација од областа на безбедноста во сообраќајот	Спроведена акција	Во текот на годината	3,000,00
	2.3.	Изготвување и растурање на сообраќајно - воспитен материјал на учесниците во сообраќајот	Возачи во општина Пробиштип	ОСБСП, Општина Пробиштип, Полициска станица Пробиштип	Изготвен и дистрибуиран сообраќајно воспитен материјал	Во текот на годината	/
3.		**Активности на планот на сообраќајно уредување**					
		Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	**Буџет**
	3.1.	Покренување на постојани иницијативи пред надлежните	Служби надлежни во Локална	ОСБСП, Општина Пробиштип	Решени проблематичните	Во текот	/

			служби во локалната самоуправа за нивно разрешување .	самоуправа	, Полициска станица Пробиштип	патишта, улици, раскрсници и т.н.	на година та	
	3.2.		Покренување на иницијатива пред РСБСП за разрешување на проблеми од овој вид кои се во надлежност на државните органи и државните јавни претпријатија	РСБСП	ОСБСП, Општина Пробиштип , Полициска станица Пробиштип	Решени проблематичните патишта, улици, раскрсници и т.н. кои се во надлежност на држ. органи и држ. јавни претпријатија	Во текот на година та	/
	3.4.		Директно барање - лобирање до Советот на општината за донесување на Одлуки за хоризонтална и вертикална сигнализација, особено околу училиштата во општината	Совет на општина Пробиштип	ОСБСП, Општина Пробиштип , Полициска станица Пробиштип	Поставена хоризонтална и вертикална сигнализација околу општинските училишта.	Во текот на година та	/
4.		**Пропаганда и маркетинг**						
			Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	**Буџет**
	4.1.		Медиумско покривање на сите настани, иницијативи и мерки кои ги превзема и ги организира ОСБСП	Граѓаните на општина Пробиштип	ОСБСП, Општина Пробиштип , Полициска станица Пробиштип	Медиумски покриени активности на ОСБСП	Во текот на година та	/
5.		**Соработка и содејство со други органи и организации при реализирање на програмата на Советот**						
			Активности	**Целна група**	**Носител**	**Индикатор**	**Рок**	**Буџет**
	5.1.		За реализација на предвидените активности ОСБСП ќе	РСБСП, Сообраќајна полиција, Основни	ОСБСП	Реализираните активности	Во текот на година	/

			соработува со сите релевантни институции во општина Пробиштип и во РМ	судови, АМД, Авто школи, Здруженија на возачите, Предучилишни и училишни установи			та	
	5.2.		ОСБСП - Пробиштип ќе ги реализира и сите кампањи кои ќе ги реализира РСБСП.		ОСБСП	Реализираните активности	Во текот на годината	27.000,00
			ВКУПНО СРЕДСТВА:					**50,000,00**

За реализирање на зацртаните активности потребните финансиски средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип

Акционит план влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 5, 21 и 22 од Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015 и 39/2016) и член 9 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016 и 106/2016) и член 15 точка 10 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.5/15, 25/14, 29/15 и 23/19) на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја усвои следната:

П Р О Г Р А М А
за активностина Општина Пробиштип во областа на заштита и спасување и ревитализација по елиминирање на кризи за 2020 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, ревитализација по настанати елементарни несреќи, ублажување и елиминирање на кризни состојби. Посебен акцент на активностите се дава во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва,општинскиот противпожарен сојуз, секциите во училиштата на млади пожарникари) кои представуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Пробиштип во 2020 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот Штаб за заштита и спасување,
- Регионалниот центар за управување со кризи,
-Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани-екипи,одделенија),
-Комисија за процена на штети од елементарни и други и други несреЌи на територијата на општина Пробиштип,
-Територјалната противпожарана единица која дејствува на целокупната територија на општината а по потреба со доброволните противпожарни друштва, договорните доброволни пожарникари и граѓаните кои доброволно се пиклучуваат во акциите за

гаснење пожар, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарници.

1. *Цели на програмата:*

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и други видови на непогоди;
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасувањето на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елеиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреЌи и ублажување на последиците од истите
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организизација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

2. Активности за реализација на програмата:

За реализација и остварување на основните цели на Програмата, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасувањето во услови на разни други водови непогоди,превенција и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во ова насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пробиштип преку оваа Програма за 2020 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна , техничко стручна обучена, подготвена и опремена единица за противпожарна заштита заедно со доброволните пожарникари и гражаните.Со тоа ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Пробиштип и другите општини и ке се овозможи развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето,превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

3.Финасирање на програмата:

Финасирањето на активностите од областа на заштита и спасување, превенција и справување со кризни појави, дејствувањето Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва и Секциите за млади пожарникари Территорјалната противпожарна единица(со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од :

- Средства од буџетот на Општина Пробиштип и Републичкиот буџет
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва,домашни и странски фондации(операција ФЛОРИОН и амбасади на државите во РСМ), правни и физички лица, наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид несреЌи

РАСПОРЕД НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА:

А)Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

	ПРИХОДИ	
1	*Буџет од Општина Пробиштип*	*320.000,00*
2	*Сопствени приходи од давање на услуги*	*10.000,00*
3	*Приходи од други извори,донации,проекти*	*30.000,00*
4	***Вкупно:1-3***	***360.000,00***

Б)Противпожарна заштита,доброволна противпожарна организација и спроведување на други обуки и мерки за заштита и спасување на населението и матријалните добра за побезбедна општина

	АКТИВНОСТИ - РАСХОДИ	
1	*Организирање и спроведување обука на просторни штабови и единици*	-
2	*Доброволна противпожарна организација - Секции за млади пжзарникари во сите општински училишта*	-
3	*Општински противпожарен сојуз-организација на квиз натпревари*	-
4	*Набавка на техничка и заштитна опрема и средства за гаснење на пожари*	*100.000,00*
5	*Изработка на програмски соджини од заштитата и спасувањето кои ке се презентират на класните часови во училиштата*	-
6	*Набавка на работна униформа за ДПД*	*20.000,00*
7	*Активности за одбележување на 20 мај ден пожарникарството во РСМ*	*40.000,00*
8	*Активности за проектирање, реализација на вежбовните и други активности*	-
9	*Помош на станарите, стамбените згради - изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секој влез посебно*	-
10	*Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ДПД*	-
11	*Активности на комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи*	-
12	*Надомест за обука, договорни услуги и материјални трошоци на правни и физички лица-учесници во акции за гасење пожар и други видови на загрозувања и несреќи*	*200.000,00*
13	*Безбедносни проверка на станарите за безбедносна проценка од пожар*	-
14	*Отворени трибини за заштита и спасување со гаѓаните од урбаните и руралнi средини од подрачјто на општина*	-
15	*Тактичко - показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и*	-

	појави	
16	***Вкупно:1-15***	***360.000,00***

5. Други форми и активности за побезбедна општина со по држување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица,Општинскот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва,Секциите за млади пожарникари по училиштата во општината Пробиштип, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Пробиштип, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат и со:
- Учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Општинскиот противпожарен сојуз повразни со квизови,натпервари,вежби,прослави и други настани;
- Подрашка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. Завршни одредби:

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Пробиштип и Одделението за јавни дејности.

Соработката и координацијата ке е постојана со Просторниот штаб за заштита спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни и сродни институции како органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општината. Односно сите институции во рамките на своите законски надлежности заедно со граѓаните ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства е минимална во буџетот на општината а од друга страна бенифитите за заштита на граѓаните и заштита на матријалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави ке има непроценливо значење за побезбедна општина.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/17 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одражанана ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за Социјална, детска и здравствена заштита за 2020 година

Во напорите за спроведување на процесот на децентрализацијата и подобрување на услугите на граѓаните, Општина Пробиштип во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната и детската заштита работи согласно важечката законска

регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа. Од 2005 година, општината има надлежности во социјалната заштита, обезбедува нејзино спроведување, согласно Законот за социјална заштита донесува програми за потребите на граѓаните согласно Националната програма за развој на социјалната заштита.

Во рамки на своите надлежности во областа на социјалната заштита општина Пробиштип има право за:

-Изготвување на програми и реализација на активостите предвидени во програмата

-Основање на јавни установи за социјална заштита

-Реализација на воninситуционлани форми на социјална заштита

-Изготвување на социјален план за социјална заштита за општина Пробиштип

-Реализација на превентивни активности и програми во соработка со нво, меѓународни владини и невладини организации, бизнис заедница и др.

Општина Пробиштип изготвува програма за социјална, детска заштита и здравствена заштита и реализира активности се со цел да придонесе јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица,семејства, општествени групи кои се засегнати од одредени социјални ризици и тоа:

Со кои ќе бидат наочени кон остварување на следните цели:

1. Социјална заштита и заштита на децата
2. Остварување на социјална грижа за лица со попреченост, инвалидните лица,
3. Заштита на деца(деца од рурални средини, Деца на возраст до 1 год Деца со воспитно-социјални проблеми, деца со проблеми во говор и јазик, Запоставени и сексуално злоставувани злоупотребувани деца ,деца без родители и родителска грижа, правата и обврските на децата, деца од еднородителски семејства
4. Лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, лица жртви на семејно насилство, лица жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа преку институционални и вониституционални облици на социјална заштита
5. Социјална помош (еднократна парична помош по однос на поднесено барање и утврдување согласно правилник за доделување на еднократна парична помош), Болни лица , лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди
6. Домување на лица со социјален ризик,
7. Остварување на право на децата од предучилишна возраст
8. Утврдување на потребата од социјална услуга
9. Унапредување на здравствената заштита
10. Социјална превенција
11. Подигање на свеста на населението

Цели и Активности:

1. Активности во социјалната заштита

Реализација на активности предвидени во социјалниот план кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината , анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

Социјалниот план содржи и превентивни увиди реализација на превентивни активности за заштита од социјалните ризици и спречување на појавата на социјалните проблеми(рано откривање на социјалните проблеми и потешкотии, превенција на појава на социјални проблеми, едукативни трибини, настани информативни средби за превенција на социјални проблеми).

Предвидените активности во социјалниот план ќе се реализираат во соработка со членовите на општинскиот совет, ангажирање на лица кои ќе вршат мапирање врз основа на претходно подготовка на прашалници и на крај да изготвување на Стратегија за социјална заштита за подрачјето на општина Пробиштип.
По завршување со мапирање општина Пробиштип ќе има јасна слика за кој вид од социјална услуга има потреба општината.

- Реализација на активности преку Програмата општинско-корисна работа во соработка со АВРСМ и Центар за социјална работа финансиски поддржана од ундп.
- Социјална заштита на лица со попреченост

- Реализација на активности со корисниците во Дневниот центар за деца со телесна или ментална попреченост и учениците од специјалната паралелка при ООУ„Браќа Миладиновци
-Грижа за лицата со оштетен вид

- Социјална заштита на лицата во социјален ризик

-Обезбедување на еднократна парична помош по однос на поднесено барање согласно правилникот за доделување на еднократна парична помош (болни лица, лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди)
- Обезбедување на средства за користење на правото за додаток на домување на материјално и станбено необезбедени лица.
-Обезбедување на социјални пакети во соработка со црквата Успение на Пресвета Богородица Пробиштип за лицата во социјален ризик по претходно испратено барање до центар за социјална работа и добивање на мислење по истото. Социјалните пакети ќе се даваат на лица во социјален ризик(лица корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, лица кои живеат сами, лица кои не се корисници на социјална помош а имаат потреба од неа)
-Социјалната заштита на лица жртви на семејното насилство и трговија со луѓе ќе се реализира преку организирање на предавања и трибини во соработка со нво, реализирање на активности Социјална заштита на лица во социјален ризик преку организиарње на хуманитарни акции во соработка со ОО Црвен крст Пробиштип
-Мапирање во рурални средини и градско подрачје

- **Социјална заштита на старите лица**

-Поддршка во отварање на дневни центри или домови за старите лица,
-Мапирање во рурални средини и градско подрачје
-Грижа за старите лица

2. Активности во детската заштита

- Заштита на деца (деца од рурални средини, Деца на возраст до 1 год, Деца со воспитно-социјални проблеми, деца со проблеми во говор и јазик, Запоставени и сексуално злоставувани злоупотребувани деца, деца без родители и родителска грижа, правата и обврските на децата, деца од еднородителски семејства.
-Ангажирање на логопед за деца со проблеми во говор и глас
-Проширување на капацитетите на деткините градинки преку изградба на нови детски градинки, центри за ран детски развој како и проширување на веќе постоечките капацитети.
-Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип согласно Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоци за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца донесен врз основа на член 53 од Закон за заштита на деца (Службен весник на РМ бр.19/14,48/18).

- Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип.
-Обезбедување на новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип
-Поддршка од соодветни министерства и други меѓународни организации
-Поднесување на апликација за ангажирање на лица(негуватели, воспитувачи и стручни соработници) во детската градинка преку програмата општинско корисна работа,
-Еднократна парична помош за секое новороденче
-Проект„Вежбај здраво чекори право“ , реализирање на проект преку ангажирање на лице професор по физичко за спортски активности на часовите по физичко воспитание а во присуство на одделенски наставник. “.Спортските активности ќе се одвиваат во спортската сала при училиштето по две одделенија во присуство на одделенски наставник каде ангажираното лице ќе ги дополнува часовите по физичко воспитание за време на часовите по физичко воспитание , согласно програмата на училиштето. Целта на оваа активност е развивање и усовршување на моторичките способности и знаења(трчање, скокање прескокнување) и превентивното дејствување за спречување од настанување на деформитети на рбетниот столб преку корективни вежби

3. Активности во здравствената заштита

-Организирање на лекарски прегледи преку ангажирање на медицинско лице специјалист ортопед за доенчиња и мали деца
-Здравствено едуцирање, организарање на превентивните активности на населението, унапредување на здравјето, заштита на здравјето на работниците и заштитата при работа, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби(ментално здравје, злоупотреба на деца)преку организирање на трибини, предавања од страна на стручни лица и во соработка со нво.
-Реализацијата на програмата предвидува соработка на општината со Центарот за социјална работа, Здравствениот дом „Нада Михајлова“, НВО, ОО„Црвен крст“ Министерство за труд и социјална политика, Министертво за образование, бизнис заедницата и др.

3. Активности со ОО„Црвен крст“ Пробиштип
4. Активности со невладини организации преку потпишување на меморандуми за соработка во областа на социјалната, здравствената и детската заштита.

Средствата за реализација на програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пробиштип со можност и др.средства од грантови од фондации, амбасади и други.

Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска заштита

рб	Планирани активности и проекти	Финансирање		
		буџет	донација	друго
1.	Активности со корисниците во Дневниот центар за деца со телесна или ментална попреченост и учениците кои учат во посебната паралелка при ООУ Браќа Миладиновци	40.000,00		
2.	Обезбедување на социјални пакети на лица во социјален ризик (корисници на ППП и СПМ)	90.000,00		

3.	Еднократна финансиска помош по однос на поднесено барање од лица во социјален ризик	400.000,00		
4.	Финансиска помош за домување	50.000,00		
5.	Еднократна парична помош за секое новороденче по 5000 денари	600.000,00		
6.	Активност со лицата со оштетен вид –преку ослободување на месечна сметка за вода(12 лица х500 ден=75.600,00ден)	75.600,00		
7.	Активности содржани во социјалниот план -Ангажирање на лица за мапирање (5 лица за период од пет месеци) -Трошоци за прашалници -Трошоци за превоз -трошоци за превентивни активности (едукативни дебати, информативни средби преку формирање на групи за советодавна помош од страна на стручни лица)	100.000,00 5х10.000,00=50 .000,00 10.000,00 20.000,00 20.000,00		
8.	Стратегија за социјална заштита за подрачјето на општина Пробиштип 100 примерока	34.000,00		
9.	Спортски активности за учениците од прво до петто одделение во ООУ„Браќа Миладиновци“ во присуство на одделенски наставник	100.000,00 9х10.000,00 (Перс. Данок)		
10.	Лекарски ортопедски прегледи (март,април,мај,јуни,септември,октомври, ноември декември) (8 месеци х10.000,00)	90.000,00		
11.	Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип за дете од семејство на самохран родител.	60.000,00		
12.	Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип	90.000,00		
13.	Новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип	90.000,00		
14.	Финансиски средства за проект-ундп 2019-2020 година Склучен договор со ундп (финансирање и ко-финансирање)	100.000,00		
15.	Финансиски средства за учество на проекти	50.000,00		
16.	Логопедски вежби за деца со проблеми во говор и јазик- ангажирање на логопед (март, април, мај, септември, октомври,	80.000,00 7х10.000,00 (персонален)		

	ноември, декември)			
17.	Програмски активности на ОО„Црвен крст“Пробиштип	75.000,00		
ВКУПНО :		**2.124.600,00**		

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/18
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

ПРОГРАМА
ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Националната стратегија за превенција на малолетничко претстапништво престставува насока , ориентација која ќе ја постави и базата за подготовка на оперативни планови. Оваа Национална стратегија произлегува од Законот за малолетничка правда .

Со цел унапредување на мерките на заштита на малолетникот како жртва на кривични дела и на мерките за превенција на малолетничкото престапништво, Република Македонија отиде чекор напред и донесе посебен Закон за малолетничка правда со кој се уредуваат постапувањето со децата во ризик и малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци. Со овој закон се определија условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и за казнување на малолетниците, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни.

Целите на овој закон и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на малолетниците од криминал, насилство и на кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци од поврат, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за малолетниците и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни договори за положбата на малолетниците во системот на правда, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво на општина Пробиштип е тело преку кое се операционализира Националната стратегија за превенција од малолетничко престапништво и Општинскиот совет врши проценка на состојбите на локално ниво,ги идентификува факторите на ризик и заштитните фактори,како и потребите на локалното население ја координира работата со сите релевантни фактори, образование, здравство, социјална заштита, полиција, семејството и собира податоци за состојбата со малолетничкото престапништво.

Активности за реализација во 2020 година на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво се:
-Соработката на општинскиот совет за превенција од детско претстапништво со основните и средни училишта во општина Пробиштип
-Воведување и реализирање на програмско- наставни едукативни содржини во училиштата
-Одржување на информативно-едукативни средби
-Подигање на свеста за проблемот на малолетничкото претстапништво низ поттикнување на активен дијалог и соработка со релевантни институции
-Организирање на јавни расправи во соработка со лица стручни –педагози, психолози, социјални работници

Р.б	Активности	Цели	Задачи	Носители
1.	Сензибилизација, дијалог со учениците од основните и средни училишта	Подигање на свеста на учениците за проблемот со малолетничката деликвенција	-организирање на едукативни предавања	Општина Пробиштип, улилишта , совет на родители,полиција,цср
2.	Учество во реализација на активности со други Н.В.О., тела кои се занимаваат со оваа проблематика	Едукација на релевантните фактори за малолетничката деликвенција	Организирање на едукативна работилница	Општина Пробиштип Н.В.О. училиштата ,полиција,цср
3.	Спортско-рекративни активности	Подигање на свеста на учениците за малолетничката деликвенција	Организирање на спортско – рекреативни активности (натпревари)	Општина Пробиштип ,училишта ,полиција,цср
4.	Информативни средби во соработка со релевантни институции	Подигање на свеста за малолетничката деликвенција	Организирање на средби	Општина Пробиштип училишта ,Н.В.О, Ц.С.Р.МВР,јавен обвинител ,општински совет за превенција ,полиција, цср
5.	Проекција на филм со едукативна содржина	Подигање на свеста на учениците за малолетничката деликвенција	Организирање на активности поврзани со тематскиот филм	Општина Пробиштип ,училишта , совет на родители ,полиција,цср

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/19
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005,

25/2014, 14/2019 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја усвои следната:

Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година

Програмата за работа на комисијата за еднакви можности на општина Пробиштип опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредувањето на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.Со законот за еднакви можнмости се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите. Целта на овој закон е воспоставување на еднакви можности помеѓу мажите и жените во политичката, едкономската, социјалната, образовната културната, здравствената, граганската област од општествениот живот.

Воспоставување на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање на услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Со цел континуирано подобрување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување од дискриминација на територијата на општина Пробиштип, Комисијата за еднакви можности при Советот на општината изготви Програма за работа како рамка преку која ќе покренува заеднички иницијативи со цел унапредување на еднаквите можности и недискриминација.

Клучни области на кои треба да се насочат активностите во 2020 година се:
-Воспоставување на соработка со НВО и учество во имплеметација на проекти
-Воведување на механизми за обезбедување на родово разделени податоци во програмите и извештаите
-Организиарње на едукативни предавања или работилници на тема: семејно насилство
-Организирање на едукативни предавања за сите видови на насилтво и трговија со луге
-Промоција на активни мерки за вработување со аврсм(женско претприемништво
-Присуство на јавни расправи –седници во собрание на РСМ
-Едукативни предавања на тема:Мобинг на работно место
-Заштита и спречување на дискриминација за жителите од руралните средини

- Здравствената заштита
- Вклучување во кампања за „Здрава храна“ во училиштата и детските градинки

ПРОГРАМА НА КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2020 ГОДИНА

Активност	Опис на активноста	Цели	Временска рамка	Финансиски ресурси	Индикатори	учесници
Воведување на механизми за обезбедување на родово разделени податоци во програмите и извештаите.	-Динамика на собирање на податоци -Користење на алатки за собирање на податоци	Обезбедување на анализа на родово разделената статиситка, информации и ажурирање на податоци во општината и општинските институции	2020 година	/	Вкупен број на собрани податоци	КЕМ Координатор за еднакви можности Вработени лица-институции

Воспоставување на соработка со НВО и учество во имплеметација на проекти	Потпишување на меморандуми за соработка за заедничка реализација на активности	Воспоставување на еднаков пристап преку поефикасни услуги	2020 година	10.000,00	Број на нво за соработка	КЕМ Координатор за еднакви можности НВО Релевантни институции
Организиарње на едукативни предавања или работилници на тема: семејно насилство	Ангажирање на лице – предавач -анализа за потребите на предавањата -место на настан	-Јакнење на самодовербата на жената -Подигање на свеста кај жената -Превенција	2020 година	10.000,00	-Број на учесници -Спроведени предавања	КЕМ Координатор за еднакви можности НВО Релевантни институции (полиција ,здравство, образование, цср) Ученици
Организирање на едукативни предавања за сите видови на насилтво и трговија со луге	Ангажирање на лице – предавач -анализа за потребите за предавањата -место на настан Превенција и заштита од насилство врз жените, мажите, учениците	-јакнење на самодоверба -подигање на свест -Превенција	2020	10.000,00	Број на учесници Спроведени предавања	КЕМ Координатор за еднакви можности НВО, Ученици Релевантни институции (полиција здравство, образование, цср)
Промоција на активни мерки за вработување со аврсм(женско претприемништво)	-Организирање на промотивни информативни денови со цел навремено	-Зголемено учество на жената на пазар на труд	2020	/	Број на учесници	КЕМ Координатор за еднакви можности НВО Невработени лица

	информирање на активните мерки за вработување					
Присуство на јавни расправи – седници во собрание на РСМ	Организирање за присуство на седница на покана на комисијата за еднакви можности на жените и мажите на собрание на рсм	-Учество на кем во јавната расправа	2020	18.000,00	Вкупно присутни	КЕМ Координатор за еднакви можности
Заштита и спречување на дискриминација за жителите од руралните средини	Организирање на обуки, трибини, предавања во руралните средини Анализа на состојбата на старите лица Анализа на состојбата на жителите од руралните средини	Подигање на свеста кај населението	2020	10.000,00	Вкупен број по извршена анализа	КЕМ Координатор за еднакви можности НВО
Едукативни предавања на тема:Мобинг на работно место	Информирање и подигање на свеста Заштита на правата на жената на работното место Информирање на закон за работни односи	Подигање на свеста за правата на жената	2020	5.000,00	Вкупен број на присутни	Комисија за еднакви можности Координатор за еднакви можности НВО Инспектори за заштита при работа МТСП , синдикат

	Мобинг на работно место					
Активности во здравствена заштита	Спроведување на едукативни предавања к за малигните заболувања кај жените и мажите, превенција од сексуално преносливите болести, предавања за дијабетис, хипертензија , простата, туберкулоза, карцином на бели дробови, карцином на грлото на матката	Подигање на свеста за навремени лекарски прегледи	2020	5.000,00	Вкупно присутни	Комисија за еднакви можности Координатор за еднакви можности . НВО , Министерство за здравство
Вклучување во кампања за „Здрава храна „во училиштата и детските градинки преку едукативни предавања	Организирање на едукативни предавања и работилници за здравата храна	Едукација и подигање на свеста кај популацијата за значењето на здрава исхрана	2020	5.000,00	Вкупно присутни	Комисија за еднакви можности Координатор за еднакви можности , НВО , Црвен крст , МТСП, Нутриционист
Вкупно	73.000,00					

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/20 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

25.11.2019 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ

Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ('Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6, 7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип ('Службен гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005), а во врска со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата држана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната :

ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП за 2020 година

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА:	**Б.ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРОБИШИП**
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ:	**БРАНКО СТАНОЈКОВСКИ, дипл.град.инг.**
ФУНКЦИЈА:	**Раководител на ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ**
АДРЕСА:	**ЈАКИМ СТОЈКОВСКИ БР.1 ПРОБИШТИП**
ОЗНАКА НА БУЏЕТСКАТА ПРОГРАМА	**Ф10- ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
ПОДПРОГРАМИ	**ПОДПРОГРАМА Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
ТЕЛЕФОН И ТЕЛЕФАКС	032 483-131 032 483-047
Е-МАИЛ:	urbanizam@probistip.gov.mk

За поефикасно спроведување на политиката на планирање на просторот и на негово дополнително уредување како и со цел да се создадат услови за ефективно и одржливо управување со просторот и животната средина, инфраструктурата, луѓето и финансиските средства, но и да се излезе во пресрет на потребите и барањата на граѓаните и правните лица за изготвување на плански решенија за општ развој, се пристапи кон изработка на Програмата за урбанистичко планирање за Општина Пробиштип за 2020 година.

Програмата има задача да создаде услови за реализација на зацртаните цели во основните стратешки документи на Општина Пробиштип како што се: Генералниот урбанистички план за Пробиштип, Деталните урбанистички планови како и Урбанистичките планови од понизок ранг како и да одговори на зголемениот број надлежности, одговорности и задачи произлезени од децентрализацијата. Програмата има за цел да создаде услови за испорачување на голем број јавни услуги на граѓаните на ниво на Општината.

Цели на Програмата се:

- ефективно и одржливо управување со расположливите ресурси како просторот и животната средина, инфраструктурата, луѓето и финансиските средства
- уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата
- зголемен економски раст и вработување
- поголема атрактивност на просторот
- привлекување инвестиции и поттикнување на производството и развојот
- создавање услови за бизнис клима
- квалитативни промени во просторна, економска и социјална структура

1. ПОДПРОГРАМА Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

1.1. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА

Урбанистичкото планирање претставува процес при кој, на организиран начин, се обезбедува уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Вклучувањето на сите чинители (приватен и јавен сектор и граѓанското општество) во поставувањето на целите како да се дизајнираат, спроведуваат и евалуираат плановите, е основата за нивно одржливо функционирање. Овој процес е особено важен за плановите на градовите и населените места, што значи дека планирањето треба да се спроведе од страна на голем број чинители, не само од страна на урбаните планери.

Спроведувањето на плановите е основната цел што треба да се постигне за одржлив економски развој на општината.

1.2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Согледувајќи ги планските можности и според извршената анализа за степенот на реализацијата на плановите, новонастанатите промени и потреби за планирање на просторот односно изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Пробиштип, Одделението за урбанизам при Општина Пробиштип, планира да ги превземе следните активности во областа на урбанистичкото планирање за 2018 година:

1.2.1 ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ПРОБИШТИП (ГУП) СО РЕВИЗИЈА

Имајки ги во предвид произлезените растечки потреби во доменот на производни и непроизводни функции, спорт и рекреација, комунална инфраструктура, јавни дејности и заштита на животната средина, се наметна потребата од ревизија на ГУП-от (измена и дополнување) со нови содржини, кои ги бара динамиката на времето на новосоздадените услови. Една од главните алатки е зонирањето кое се однесува на намена на земјиштето, во кое се внесени намените кои се дозволени. Идејата е да се избегнат конфликти во употребата на земјиштето помеѓу индустриите што загадуваат и станбената употреба. Затоа од неодамна постои тренд да се поттикнува комбинирање на компатибилни намени. Измените и дополнувањето се состојат во измена на веќе утврдените зони со одредени намени со ГУП на град Пробишип, а во изминатиот период се покажаа како застарени т.е непрофитабилни или целосно не ги задоволуваат потребите на граѓаните.

Измените и дополнувањата на плановите и делови од плановите се вршат по истата постапка пропишана за нивно донесување, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Предвидени се следните измени и дополнувања :

- Проширување на опфатот на ГУП на град Пробиштип со површина од 11.55 Ха со намена лесна и незагадувачка индустрија. (после Сервисот на „Боки„)

1.2.2 ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СО РЕВИЗИЈА

Изработката на детални урбанистички планови претставува важен чекор кон остварување на зацртаната генерална цел на оваа Програма, а тоа е одржлив економски развој, намалување на сиромаштијата, надминување на бесправната градба и др. За овој плански период предвидени се за изработка следните блокови т.е плански опфати:

БЛОК 14.2 со површина од 6.74 Ха („центар - гр. парк„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2-семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б2-големи трговски единици, Б4-деловни простори и Б5-хотелски комплекси; В-Јавни институции, основна класа на намена В3-култура и В4-државни институции; Д зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д3-спорт и рекреација и Д4-меморијални простори и други компатибилни намени.

БЛОК 7.2 со површина од 11,0 Ха („Калниште„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2-семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б2-големи трговски единици, Б4-деловни простори, В-Јавни институции, основна класа на намена В3-култура и В4-државни институции; Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д3-спорт и други компатибилни намени.

БЛОК 7.1 со површина од 3,6 Ха („Калниште„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2-семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 5.2 со површина од 5,6 Ха („нас.Камењар-долна страна„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 5.3 со површина од 9,7 Ха („нас.Камењар-долна страна„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 13.1 со површина од 8,7 Ха („Брег транс„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ,: Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта; Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 13.2 со површина од 6,6 Ха („Стара Централа„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ: Г1-тешка и загадувачка индустрија Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3- сервиси Г4-стоваришта; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 15.2 со површина од 5,0 Ха („Детска Градинка-Цветови„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2 семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, В-јавни институции, В2-детска градинка, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-

парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 10.2 со површина од 7,1 Ха (ул.„Нада Михајлова„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2 семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, В-јавни институции, В2-детска градинка, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 15.3 со површина од 3,7 Ха (ул.„Славко Баев„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2 семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, В-јавни институции, В2-детска градинка, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 14.1 со површина од 16,1 Ха („Руднички круг„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, основна класа на намена Г1-тешка и загадувачка индустрија Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3- сервиси Г4-стоваришта; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило; Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 9.1 со површина од 7,4 Ха (нас.„Старо Калниште„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2 семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

БЛОК 16.2 со површина од 10,4 Ха („Чукарки-над Аква Парк„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

А-ДОМУВАЊЕ, основна класа на намена А1-семејно домување во станбени куќи, А2 семејно домување во станбени згради; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б4-деловни простори, Д-зеленило и рекреација, основна класа на намена Д1-парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и други компатибилни намени.

1.2.3 ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПРОБИШТИП (ДУП) СО РЕВИЗИЈА

БЛОК 12.1 со површина од 4,0 Ха („Старо Јаловиште„)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ: Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3- сервиси Г4-стоваришта; Б-комерцијални и деловни дејности, основна класа на намена Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Б6-простори за собири, Д-зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, основна класа на намена Д1-парковско зеленило; Д2-

заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација, Д4-меморијални простори, Е-Инфраструктура, основна класа на намена Е1- комунална инфраструктура, **Е2-комунална супраструктура** во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици, пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички прегледи, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензиски пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 кв, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично, и други компатибилни намени

1.2.4 ИНИЦИЈАТИВИ И БАРАЊА ОД ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПЛАНОВИТЕ

2. Финансирањето изработка на урбанистички планови е од Буџетот на Општина Пробиштип, согласно член 17 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („ Сл. весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), а можат да ја финансираат и заинтересирани правни и физички лица чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Пробиштип.

Со измените на Законот за просторно и урбанистичко планирање создадена е можност за измени на урбанистичките планови со изработка на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) со која се утврдуваат поблиски услови за градба во градежна парцела која се одредува вон населено место, според потребите на инвеститорите. Со ЛУПД измени можат да прават физички и правни лица како и Општината, доколку биде прифатена поднесената иницијатива за измена од страна на Советот на Општина Пробиштип.

1.2.5 ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА на подрачјето на Општина Пробиштип. (со ревизија)

Урбанистичкиот план за село се донесува за подрачје на населено место во општината од селски карактер со густа изграденост на градбите и содржи: граница на планскиот опфат, регулациони линии, парцелација на градежното земјиште, површини за градење на градбите определени со градежни линии, максимална висина на градбите, изразена во метри до венец, намена на земјиштето на градбите, планско решение на секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решенија, плански решенија на сите секундарни комунални и телекомуникациони инфраструктури, развој и користење на земјиштето и градбите, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнувања и др.

За изработка се предвидени следните урбанистички планови:

- **Урбанистички план за с. Лесново со површина од 50,о Ха**

Бидејки ова село е со густа изграденост на градбите, треба да се изработи урбанистички план, согласно член 8 став 1 од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка
на урбанистичките планови. При одредување на системот на класи на намени како инструмент на урбанистичкото планирање со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките
на планските опфати на **Лесново** ќе бидат земени во предвид следните поединечни класи на намени :

А-ДОМУВАЊЕ, А1-семејно домување во станбени куќи во која класа се опфатени и селските стопански дворови

Б-Комерцијални и деловни дејности, Б1-мали комерцијални и деловни дејности

В-Јавни институции, В1-образование и наука, В2-здравствени и социјални институции

Г-Производство, дистрибуција и сервиси, Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4 стоваришта

Д-Зеленило и рекреација Д1- парковско зеленило, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација и паркиралишта

1.2.6 ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО СРТЦ „Пониква„ со П= 29,62 Ха (со ревизија)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

А- ДОМУВАЊЕ, А4--времено сместување во кое спагаат сите видови мотели, хостели, викенд куќи, планинарски домови, ловни домови, кампови и слично,

Б–КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ,Б1- мали комерцијални и деловни дејности во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично со максимална катност од П+1;;

Б3- големи угостителски единици во кои спаѓаат сите видови угостителски дејности кои се вршат во самостојни градби или во значителни делови од градбите како што се ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки;

Б5- хотели во кои спагаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер;

Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ,Д1- парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк -шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично;

-Д2- заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони;

-Д3- спорт и рекреација во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители;

Е- ИНФРАСТРУКТУРА,Е1-комунална инфраструктура во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл;

-Е2- комунална супраструктура во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици, пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички прегледи, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензиски пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 кв, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично.

-Е3-некомпатибилна инфраструктура во која спаѓаат сите видови депонии, пречистителни станици, резервоари за дериват со капацитет над 200 тони, трафостаници над 20 кв, главни мерно-регулациони станици и слично.

ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ) за КО Бучиште и КО Петршино за изградба на фотоволтаични централи со П= 46,0 Ха (со ревизија)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

- Е2 - комунална супраструктура во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици,

пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички прегледи, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранич-ни премини, катни гаражи, бензиски пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 кв, **градби за производство на енергија**, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично.

1.2.8 ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД) ЗА РИБНИК (со ревизија) за КП.бр.1914/24.... до 1914/34, КО Бунеш

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, - Г2- лесна индустрија во која влегуваат сите

видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации;

Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ, -Д1- парковско зеленило во кое

спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк-шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично;

-Д2- заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони;

-Д3- спорт и рекреација во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители;

Е- ИНФРАСТРУКТУРА,-Е1-Комунална инфраструктура во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл.

ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)

ЗА ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС „НЕОКАЗИ 2„ на КП.бр.49/1, КО Неокази со П= 35,37 Ха (со ревизија)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

-Г2 лесна индустрија во која влегуваат сите видо-ви производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации;

-Г3 сервиси за одржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и слично и

-Г4 стоваришта во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор, во специјални услови за чување, отпади, автопазари и слично. и компатибилни класи на намени.

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

- Б1 мали комерцијални и деловни дејности во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат ди-ректен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично со максимална катност од П+1;

- Б2 големи трговски единици во кои спаѓаат сите видови трговија на мало која се остварува во самостојни објекти или во значителни делови од објектите како што се трговски центри,

стоковни куќи, големи специ-јализирани продавници, супермаркети, затворени паза-ри и пазари на отворено;

- **Б4 деловни дејности** кои се одвиваат во големи канцелариски простори од управни и административни згради и слично;

В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ:

- **В2 здравство и социјална заштита** со сите видови клиники, амбуланти, клинички центри, болници, здравствени домови, лечилишта и слично како и сите видови на социјални установи и детски градинки;

Д - ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- **Д3 спорт и рекреација** во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители и
- **Д4 меморијални простори** во кои спаѓаат меморијален парк, спомен парк, верски објекти со гробишта, гробишта и слично.

3. **1.3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ЕФЕКТИ:**

4. Со донесувањето на овие измени и дополнување на ГУП и изработка на урбанистички планови од пониско ниво (ДУП; УП за село и УП вон населено место) се очекуваат позитивни резултати и ефекти во локалниот економски развој, привлекување на инвеститори, капитализација на културните ресурси, подобрени услови за хумано живеење на граѓаните, побрзо и поефикасно издавање на потребната урбанистичка документација за градење, целосно спазување на постапката за легално градење, надминување на ризикот со бесправната градба и друго.

1.4. РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ

5. Доколку не се изработат и усвојат урбанистичките планови по оваа Програма тогаш
6. Општината:

- ќе нема можност да понуди повеќе локации кои се интересни за инвеститорите
- нема можност за брзо и ефикасно издавање на одобрение за градење;

7. ризик за неквалитет како и ризик од појава на бесправна градба.
8.

1.5. ФИНАНСИСКИ ДЕЛ :

ПОДПРОГРАМА Ф1: УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2019 ГОДИНА				
р.б.	**Активност**	**Буџет на Општината**	**Самофинан .или др, извори**	**Вкупно**
1.	**Измена и дополнување на ГУП со ревизија**			
	Прош.на ГУП П=11,5 Ха		**150.000,оо**	
	Вкупно 1:		**150.000,оо**	**150.000,оо**
2.	**Изработка на ДУП со ревизија**			
	УБ 14.2 П=6,74Ха	69.058,оо		
	УБ 7.2 П=11,0Ха	161.667,оо		
	УБ 7.1 П=3,6 Ха	99.756,оо		
	УБ 5.2 П=5,6 Ха	120.097,оо		
	УБ 5.3 П=9,7 Ха	179.964,оо		
	УБ 13.1 П=8,7 Ха	178.767,оо		
	УБ 13.2 П=6,6 Ха	169.191,оо		
	УБ 9.1 П=7,4 Ха		200.000,оо	

	УБ 15.2 П=5,0 Ха	119.702,оо		
	УБ 10.2 П=7,1 Ха	149.795,оо		
	УБ 15.3 П=3,7 Ха	100.018,оо		
	УБ 14.1 П=16,1 Ха	338.100,оо		
	УБ 16.2 П=10,4 Ха		250.000,оо	
	Вкупно 2:	**1.864.882,оо**	**450.000,оо**	**2.314.882,оо**
3.	**Изработка на измена и диполнување на ДУП-ви со ревизија**			
	УБ 12.1 П= 4,о Ха	**200.000,оо**		**200.000,оо**
4.	**Изработка на Извештаи за страт.оценка на влијан. врз животната средина**	50.000,оо		
	Вкупно 3:	**50.000,оо**		**50.000,оо**
5.	**Изработка на УПС со ревизија**			
	с.Лесново П=50 Ха	518.400,оо		
	Вкупно 4:	**518.400,оо**		**518.400,оо**
6.	**Изработка на УПВНМ (со ревизија)**			
	„Пониква„ П=29,6 Ха	300.000,оо		
	Фотоволт. центр. П=46,9Ха		300.000,оо	
	Вкупно 5:	**300.000,оо**	**300.000,оо**	**600.000,оо**
7.	**Изработка на ЛУПД (со ревизија)**			
	Рибник „Глобица„ П=2,0 Ха		50.000,оо	
	Инд.комплекс„Неоказии2„ П=35.37 Ха	332.478,оо		
	Лесна индустрија с.Стрисовци		120.000,оо	
	Вкупно 6:	**332.478,оо**	**170.000,оо**	**502.478,оо**
8.	**Геод. услуги за потреб. на Општина Пробиштип**	200.000,оо		
	Вкупно 7:	**200.000,оо**		**200.000,оо**
	СЕ ВКУПНО	**3.465.760,оо**	**1.070.000,оо**	**4.535.760,оо**

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/21
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ„ бр.15/2015,98/2015,193/2015,226/2015,31/2016,142/2016,190/2016), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната :

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

Содржина на Програмата:

Вовед

- Општ дел
- А) Просторен опфат и предмет на Програмата
- Б) Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи

1. **Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на управување во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на управување во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  - а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  - б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на непосредна спогодба

ВОВЕД:

Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ„ бр.15/2015), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопстевноста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопстевноста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: право на градење, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и сѝе она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат на него други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија кое се наоѓа на територијата на Општина Пробиштип, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2020 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во Програмата се предвидува предмет на управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: Пробиштип, Злетово, Спортско рекреативен туристички центар 'Пониква", Неокази, Јамиште, Шталковица.

Б) Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

  Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011) и чл. 21.став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. Гласник бр. 4/2005)

- **Основни плански документи**

  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

  - **Стратегија за локален економски развој на Општина Пробиштип** за плански период 2015-2020 год. во поглед на следните стратешки цели:

    -Развој и унапредување на техничката инфраструктура и управување со отпадни води, вода за пиење и
    комунален отпад

    -Донесување на мерки за поттикнување и стимулирање на потенцијалните инвеститори за отворање на
    мали и средни претпријатија

-Уредување и промовирање на повеќе индустриски зони за развој на лесната индустрија во Пробиштип

-Уредување и промовирање на градежно земјиште за развој на услужното и сервисното занаетчиство

во Пробиштип

-Решавање на правото на сопственост на градежното земјиште на општината

-Изградба и уредување на голен број јавни објекти на територијата на Општина Пробиштип

- **Локален еколошки акционен план за Општина Пробиштип** за плански период 2009-2015 год.

-Тематска област- почва и искористување на земјиштето

-Тематска област - отпад: ревитализација на локалитетот околу старата јаловишна депонија (ДУП УБ 12.1)

- Тематска област- природа: одржливо искористување на природните ресурси за развој на туризмот

Потребно е да се преземат целите и развојните правци на документот, особено деловите што се однесуваат на одделни населени места/локалитети што се предмет на Програмата.

- **Просторен план** на Општина Пробиштип 1989-1999, особено во поглед на развој на градот Пробиштип и населените места, како и развој на Спортско-рекреативен туристички центар Пониква и локалитет Арамиска чешма на Осоговските Планини
- **Генерален урбанистички план** на Град Пробиштип1995-2005 и измените и дополнувањата на ГУП особено во поглед на реализација на насоките за развој на планот, оптималните решенија за организација на основните функции имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања и создадениот материјален фонд
- **Урбанистички план за село Злетово 1998-2008**
- **Урбанистички планови за населените места во Општина Пробиштип и Спортско рекреативниот туристички центар Пониква и локалитетот Арамиска чешма на Осоговските Планини**
- **Програма за изработка на урбанистички планови во 2020 година**
- **Направени теренски истражувања** со нивни резултати и анализи при секојдневното работење

1. **Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање** во населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели

- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

Табела А ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ												
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за Блок 12.1 Општина Пробиштип - плански период од 2009-2014год.												
Ре-ден бр.	Бр.на ГП	Вкупна повр-шина на ГП м²	Намена на земјиштето (основна класа)	Намена на земјиштето (опис)	Бр.на КП во состав на ГП	Повр-шина за градба м²	Бруто разви-ена повр-шина	Процент на изгра-деност %	Коеф. на искор. на земј.	Макси-мална дозво-лена висина	Катност	
1	П.121.1	2615	Б1	комерц	983/1	696	1392	27	0,5	7,0м	П+1	
2	П.121.12	1873	Г3	лесна индустр	дел од 1002/3	521	521	28	0,3	6,0м	П	
3	П.121.13	5120	Г2	лесна индустр	дел од 1002/1 1002/3	2956	2956	58	0,6	6,0м	П	
4	П.121.38	3034	Б1	комерц	986/1, 1002/1 985	1010	2020	33	0,7	7,0м	П+1	
5	П.121.40	1726	Г2	лесна индустр	992	576	576	33	0,3	6,0м	П	
6	П.121.41	1489	Г2	лесна индустр	992	629	629	42	0,4	6,0м	П	
7	П.121.42	459	Г2	лесна индустр	дел од 993 и 994	126	126	27	0,3	6,0м	П	
8	П.121.36	1785,0	Г2	лесна индустр	дел од 993 и 994	1034,0	1034,0	58	0,6	6,0м	П	
9	П.121.37	2429,0	Г2	лесна индустр	дел од 993 и 994	560	560	23	0,2	6,0м	П	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД **ДУП за УБ 7.4 и УБ 11.2** Општина Пробиштип за плански период од 2008-2013год.												
10	46	596	А2	сем.дом. во ст.згр	1018/1	178	712	30	1,2	12,50	П+3	
11	62	2416	А2	сем.дом. во ст.згр	1099/1	325	1625	13	0,7	15,50	П+4	
12	63	2405	А2	сем.дом.	1012/4		1625	13	0,7	15,50	П+4	

				во ст.згр	1556/1	<u>325</u>						
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за ДЕЛ од УЕ Бр.26 за плански период од 2002-2007год.												
13	10	464,0	Комерц објекти	трговија	1018/1 дел	116,3	232,6	25	3,0	6,60	П+1	
14	20	184,6	Комерц објекти	трговија	1018/69	78,2	78,2	43	3,0	4,30	П	
15	29	272,0	Комерц објекти	трговија и угостит	1018/1	148,7	297,4	41	3,0	6,60	П+1	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УМ 1,2 и 3 за плански период од 2004-2009год.												
Урбан Модул Бр.1												
16	5	645,85	Б1	трговија	1018/2 дел	277,83	555,66	мах. 52,40	мах. 1,05	7,00	П+1	
Урбан Модул Бр.4												
17	22	198,0	Б1 и катни гаражи	трговија	717/2	198,0	198,0	100	1,0	6,50	П+1	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 2.1 за плански период од 2008-2013год.												
18	14	760,0	Г2	Лесна индустр	4442	329,0	329,0	<u>43</u>	0,43	7,50	П	
19	15	1125,0	Г2	Лесна индустр	4442	485,0	485,0	<u>43</u>	0,43	7,50	П	
20	16	2562	Г2	Лесна индустр	4442	1113,0	1113,0	43	0,43	7,50	П	
21	8	18549,0	Г2	Лесна индустр	4450 и 4451	11275,0	11275,0	61	0,61	7,50	П	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УЕ Бр.30 А за плански период од 1999-2004год.												
22	/	398	трговија	трговија со дел.содр	1470/164	192	576	48	1,45	7,70	П+1+Пк	
23	/	843	трговија	трговија со дел.содр	1470/170	315	945	37	1,12	7,70	П+1+Пк	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП ЗА СРТЦ „ПОНИКВА,,												
24	118	6300,0	Б5	Комерц деловна намена	332/118	1160,0	3480,0	18	0,55	/	П+2 П+1 П	
25	23	1895,0	А4	Авто камп	332/23	1895,0	/	/	/	/	/	
26	117			Авто		1895,0	/	/	/	/	/	

		1720,0	А4	камп	332/117							
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 7.5 за плански период од 2012 - 2017 год.												
27	ГП 1.34	911,0	А2	сем.дом. во ст.згр		236,0	1416,0	28	1,5	19,2	П+4 +Пк	
28	ГП 1.35	1044,0	А2	сем.дом. во ст.згр		236,0	1416,0	23	1,3	19,2	П+4 +Пк	
29	ГП 1.36	826,0	А2	сем.дом. во ст.згр		236,0	1416,0	29	1,7	19,2	П+4 +Пк	
30	ГП 1.10	1412,0	А2	сем.дом. во ст.згр		428,0	2568,0	30	1,8	19,2	П+4 +Пк	
31	ГП 1.29	925,0	А2	сем.дом. во ст.згр		392,0	2352,0	42	_2,5	19,2	П+4 +Пк	
32	ГП 1.30	736,0	А2	сем.дом. во ст.згр		392,0	2352,0	53	3,1	19,2	П+4 +Пк	
33	ГП 1.44	1714,0	А2	сем.дом. во ст.згр		323,0	1938,0	19	1,1	19,2	П+4 +Пк	
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД ДУПД за изградба на Индустриски комплекс КО Неокази												
34	ГП 1.2	97366,0	Г1	Тешка индустр	566/1	48683,0	97366,0	50	1,0	15,0	П	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УПВНМ за СПА ЦЕНТАР „Леговец„- Пробиштип за плански период од 2011-2021 год.												
35	1.1	4241,0	А4	Времено домување	1661/1	2218,9	6686,7	52	1,5	12,0	**П+2**	
36	1.2	7499,0	А4	Времено домување	1661/1	4898,0	14694,0	65	1,9	12,0	**П+2**	
37	1.3	9488,0	А4	Времено домување	1661/1	5723,,8	17171,4	60	1,8	12,0	**П+2**	
38	1.6	10418,2	А4	Времено домување	2062	7192,7	21578,1	69	2,0	12,0	**П+2**	
39	1.7	5847,8	А4	Времено домување	1660	3368,8	10106,3	57	1,7	12,0	**П+2**	
40	1.8	11326,6	А4	Времено домување	1661/1	7073,7	21221,1	62	1,8	12,0	**П+2**	
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УПВНМ за СРЦ Пониква м.в АРАМИСКА ЧЕШМА за плански период од 2010-2020 год.												
41	1.5	5284,0	А4	Времено домување	1475	3256,0	13024,0	62	2,5	10,2	**П+2 +Пк**	
42	2.3	2555	А4	Времено	1475	1339,0	5356,0			10,2	**П+2**	

		,0		домувањ е							**+Пк**	
43	2.4	2892 ,0	Б1	Деловни објекти	1475	855,0	1710,0			7,2	**П + 1**	
44	2.5	3373 ,0	Б1	Деловни објекти	1475	900,0	1800,0			7,2	**П + 1**	

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/22
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пробиштип, (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/14, 29/15 и 23/19) на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 30.11.2018 година, донесе

Програма за подршка на локалниот економски развој на општина Пробиштип за 2020 година

Програмата за **Локален економски развој** за 2020 год. ги опфаќа и следните подпрограми:

- Подпрограма за подршка на локалните граѓански здруженија
- Подпрограма за заштита на животната средина

ПРОГРАМА ЗА ЛЕР

Бр	**Планирани активности и проекти**	**Финансирање**		
		Сопствен буџет	**донација**	**друго**
1	Промоција и публикација на бизнис можностите на општината. Печатена и електронска верзија, на македонски и англиски јазик.	60.000ден.		
2	Планирање и реализација на проект општествено одговорни компании на територијата на општина Пробиштип. Проектот би опфатил реализација на заеднички проекти со бизнис заедницата, преку остварување на донации од нивна страна, стипендирање на ученици, материјална и нематеријална подршка.			Без финансиски импликации
3	Прогласување на најопштествено одговорна компанија во општина Пробиштип.	30.000ден.		

4.	Организирање на информативни средби со бизнис секторот за поволностите и мерките на Владата и општината, со вклучување на претставници од централно ниво.			Без финанскиски импликации
4	Изработка на туристичка мапа и мобилна апликација со нагласување на туристичките точки во општина Пробиштип.	180.000ден.		
6.	Спроведување на истражување (анкети) на терен со цел мапирање на проблемите и потребите на граѓаните, со вклижување на претставници на општината, Советот, НВО секторот.			Без финансиски импликации
7.	Изработка на регистар на компании на територија на општина Пробиштип.			Без финансиски импликации
9.	Подготовка и изработка на промотивни материјали за потребите на општината (брошури, флаери, лифлети)	60.000ден.		
10.	Подготовка на проектни апликации преку Програма за подршка на руралниот развој			Без финансиски импликации
11	Организирање на едукативно информативни работилници за искористување на средствата од ИПАРД програмата и од Програмите за рурален развој			Без финансиски импликации
12	Подготовка на апликации на сите отворени повици			Без финансиски импликации
13	Сопствено учество на општината во проекти предвидени да се реализираат преку Источен плански регион.	3.500.000 ден.		
14	Сопствено учество во останати проекти	100.000ден.		
15	Спроведување на проект БИООТПАД во рамки на програмата Interreg Balkan MED.		278.000 евра или 17.097.000 денари.	
16	Организирање и спроведување на курсеви по германски јазик и друг странски јазик	60.000 ден.		
17.	Организирање на обуки на млади за атрактивни занаети.	30.000 ден.		

17.	Спроведување на проекти аплицирани по програмата за финансиска Подршка на руралниот развој. - Реконструкција на патен правец с.Стрмош 15.000.000 ден - Реконструкција и опремување на културен дом (кино сала) 20.000.000 денари. - Реконструкција на спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема во вредност од 20.000.000 денари.			
18.	Спроведување на проект за изградба на музеј за ретки минерали, Изработка на брошура за промоција на минералите и рудното богатство на територија на општина Пробиштип, можност за изработка на веб страна за потребите на музејот.	100.000 ден.		
19.	Учесво во проектни активности на регионалниот проект Локални акциони групи. (ЛАГ)			Без финансиски импликации
20.	Учество во стручни обуки, семинари работилници.			Без финансиски импликации
21.	Подготовка на проектни апликации по објавен повик за прекугранична соработка			
22.	Изработка на нова веб страна	120.000 ден.		
23.	Печатење на туристички водич на Македонски и Англиски јазик	300.000ден.		
ВКУПНО Програма ЛЕР				

Подпрограма за заштита на животната средина

рб	Планирани активности и проекти	Финансирање		
		буџет	донација	друго
1	Санација и рекултивација на стара јаловишна депонија.			*
2	Формирање на тим за активности заради ревизија/изработка на ЛЕАП	10.000 ден.		
3	Формирањер на тим за спроведување на активности за изработка на План за управување со отпад.	20.000 ден.		

4	Реализација на активности за чистење и уредување на зелени површини во соработка со ЈКП и граѓански активисти.	10.000ден.		
5	Аплицирање и учество во програмата за Јавни работи на АВРМ			Без финансиски импликации
6	Одбележување на Час на планетата земја,			Без финансиски импликации
7	Организирање на посета на едукативниот центар за природа Негрево, во делот на унапредување на животната средина.	25.000 ден.		
8	Изработка на проектна документација за ревитализација на Кундинско езеро		150.000 Ден.	
9	Активности за конзервација на природна реткост Црна Дудунка	20.000ден.		
10	Спроведување на заеднички активности со НВО и Здруженија на граѓни, во делот на заштитата на животната средина.	10.000 ден.		
11	Учество во активностите на телата задолжени за регионално решавање на отпадот.			Без финансиски импликации
12	Организирање на заеднички настани со училиштата на територија на општина Пробиштип за подигање на еколошката свест кај младите.	10.000 ден.		Без финансиски импликации
13	Изработка на елаборати за проценка на влијанието врз живпотната средина.			Без финансиски импликации
14	Субвенционирање за набавка на инвертер клими по јавен повик (најмногу до 10.000 денари по семејство)	1.000.000 ден.		
ВКУПНО				

Подпрограма за подршка на локални граѓански здруженија

рб	Планирани активности и проекти	Финансирање		
		буџет	донација	друго
1	Подршка на предлог проекти на локални здруженија на граѓани по претходно објавен јавен повик.	60.000 ден.		

2	Подршка на дел од транспортните услуги за реализација на активности на здруженија	30.000 ден.		
3	Печатење на изработена стратегија за НВО и регистар на невладини организации и здруженија.	60.000 ден.		
4	Организирање на Форуми, средби, состаноци со граѓански организации и бизнис секторот.	6.000 ден.		
5	Заедничко учество со НВО во работилници, семинари и обуки во насока на зајакнување на капацитетите и планирање и реализација на заеднички проекти.			Без финансиски импликации
6	Организирање на промотивни настани на кои ќе се претставуваат реализираните активности на НВО сектот.	6.000 ден.		
7	Реализација на активности и програма за работа на Совет на Млади	40.000 ден.		
8	Објава на повик за избор на членови на Совет на млади			
9	Ревизија на локален акционен план за развој на Ромите во рамки на Национална стратегија за развој на ромската заедница	60.000 ден.		
ВКУПНО :				

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/23
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 15 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2020 година

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во согласност со Програмата за работа на Советот на Општина Пробиштип за 2020 година и согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) ја презентираме Годишната програма за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во врска со извршувањето на инспекциските работи од надлежност на Општина Пробиштип за периодот од 01.01.2020 заклучно со 31.12.2020 година.

Во Програмата презентирани се активностите на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип кои ќе бидат преземени со цел исполнување на законската рамка за вршење на инспекциски надзор во сите области од надлежност на Општина Пробиштип, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања.

Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во својата работа ги покрива следните области од аспект на вршење инспекциски надзор:

1. **ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА**
2. **КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА СО КОМУНАЛЕН РЕДАР**
3. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА**
4. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ**
5. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ**

Програмата за работа на Одделението е дадена според надлежностите на соодветните инспектори и потребните услови за исполнување на истата, во согласност со потребите и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите предвидени се во Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година во **Програмата ЕО.**

За реализација на Програмата ќе биде изготвен Годишен извештај.

1. *ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)*

Работните активности на Овластениот градежен инспектор во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните закони:

- Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18)
- Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија " бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18)
- Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Вид и обем на работите :

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија, како што се:

- Градби наменети за основно и средно образование,
- градби од областа на културата,
- градби за потребите на органите на општината,
- индустриски и зелени зони основани од општините,
- градби наменети за примарна и секундарна заштита,
- градби за потребите на верските заедници,
- индустриски градби,
- стопански градби,
- деловни градби,

- станбено-деловни градби,
- градби за индивидуално домување,
- викенд куќи,
- градби за колективно домување,
- градби за потребите на агроберзи,
- трговски центри,
- хотели,
- рекреативни центри,
- градби за научно-истражувачката дејност,
- катни гаражи,
- пазари,
- општински патишта,
- придружно услужни објекти на општински патишта и улици,
- електронски комуникациски мрежи и средства,
- термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1 МВ,
- фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште
- ветерници,
- градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 1MW,
- далноводи со напонско ниво до 35 КВ,
- трафостаници со напонско ниво до 35 КВ,
- складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1.000 тони
- секундарна гасоводна мрежа,
- секундарна топловодна мрежа,
- трамвајски пруги,
- градби за противпожарна заштита,
- градби за ветеринарна заштита,
- детски градинки,
- градби во подрачје на национални паркови и парк шуми,
- градби за сепарација на материјал за производство на бетон,
- бетонски бази,
- асфалтни бази,
- локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување,
- градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри),
- депонии за инертен отпад (градежен шут) и депонии за неопасен отпад,
- рудници и градби за потребите на рудници,
- автокампови и градби за потребите на автокампови,
- објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад,
- меѓуградски автобуски станици,
- зоолошки градини,
- стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи,
- системи за наводнување и одводнување
- базени на ниво на теренот за јавна употреба,
- јавни паркови,
- јавни паркиралишта и
- ски-лифтови

Овластениот градежен инспектор во рамките на своите надлежности има право да врши инспекциски надзор:

- во текот на изградбата на објектите по известување за почеток на градба од странка или по службена должност

- при изградба на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно
- спроведува едукација на лица или субјект каде што ќе утврди сторена неправилност
-надзор над издадените одобренија за градење од страна на Општина Пробиштип

Инспекцискиот надзор над градби од втора категорија ја врши еден овластен градежен инспектор на цела територија на Општина Пробиштип. Инспекцискиот надзор претставува континуиран процес.

Активности на овластен градежен инспектор:

- Постапување по претставки поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива (службена должност)
- Водење на инспекциски и управни постапки
- Контрола на постапката на издавање на одобренија за градење од страна на Општина Пробиштип
- Прием на странки, едукација на истите

За вршењето на инспекцискиот надзор Овластениот градежен инспектор води дневник и доставува годишен извештај за претходната година до Советот на Општината.

Финансиски средства:

За спроведување на оваа Програма, потребни се финансиски средства за извршување на донесените извршни инспекциски акти (отстранување на објекти) како и за изработка на геодетски елаборати при утврдување на евентуални узурпации. За извршените контроли се изготвуваат квартални извештаи и се објавуваат на веб-страницата на општината.

Начин на извршување на работите:

Годишната програма ќе и овозможи на Општина Пробиштип систематизирано спроведување на Законот за градење како и на Законот за инспекциски надзор. Подеднакво важно е да се информираат и да се едуцираат граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат од тоа на долг рок.

Временски рокови за извршување на работите:

Периодот за реализација на оваа Програма е јануари-декември 2020 година.

Образложение:

Со изготвување на оваа Програма за работа на Овластениот градежен инспектор се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на инспекциски надзор над градби од втора категорија на територијата на Општина Пробиштип. За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на Овластениот градежен инспектор, надзор врши еден овластен градежен инспектор.

2. КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР И КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

2.1 КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на комуналниот инспектор во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр. 124/15)
- Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија “ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16)

- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 38/12, 55/13, 163/13, 152/15 и 31/16)
- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/12, 55/13, 163/13, 199/14, 54/15 и 31/16)
- Закон за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија” бр.11/18)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.46/12)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши комуналниот инспектор и тоа:

- Проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од страна на јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота
- Проверува дали се чисти снегот
- Проверува дали се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и на индивидуалните објекти за домување
- Проверува дали се обезбедени садови за фрлање на отпад во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли
- Проверува дали при одржување на јавни манифестации е отстранет отпадот
- Врши инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината
- Врши инспекциски надзор над одржувањето на водоснабдителните и канализационите системи во општината
- Врши инспекциски надзор над работењето на операторот за погребални услуги
- Ја контролира состојбата на зеленилото и на подигање и одржување на зелени површини
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на комуналниот инспектор, надзор врши еден комунален инспектор.

За извршените инспекциски надзори, комуналниот инспектор изготвува месечни и квартални извештаи кои ќе се доставуваат до раководителот на Одделението и ги објавува на веб-страницата на Општина Пробиштип.

2.2 КОМУНАЛЕН РЕДАР (1 извршител)

Работните активности на општинскиот комунален редар во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр.124/15)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.46/12)

Од горенаведените закони и подзаконски акти произлегуваат работите кои ќе ги врши комуналниот редар во текот на 2020 година.

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота ја врши еден комуналнен редар на целата територија на Општина Пробиштип.

За извршените контроли, комуналниот редар во координација со комуналниот инспектор изготвува месечни извештаи кои се доставуваат до раководителот на Одделението и годишен извештај, вклучен во извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи.

Образложение:

Со Програмата за работа на комунален редар се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните на Општина Пробиштип.

3. ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА (1 извршител)

Работните активности на овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, и 112/14, 166/14, 44/15, 97/15 и 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18)
- Закон за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2020 година и тоа:

- Врши инспекциски надзор над авто такси превозот на патници, линискиот превоз на патници и посебниот линиски превоз на патници на територијата на Општина Пробиштип
- Врши инспекциски надзор над одржувањето и заштитата на јавните патишта
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и законите во надлежност на овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта, надзор врши еден овластен инспектор за патен сообраќај и патишта.

За извршените инспекциски надзори овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта изготвува месечни и квартални извештаи кои се доставуваат до раководителот на Одделението и се објавуваат на веб-страницата на Општина Пробиштип.

5. ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ (1 извршител)

Работните активности на овластениот инспектор за домување во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија" бр.38/12, 55/13, 163/13, 199/14, 54/15 и 31/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија " бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија " бр. 124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши овластениот инспектор за домување во текот на 2020 година и тоа:

- Врши инспекциски надзор над станбени, станбено-деловни и деловно-станбени згради во насока на контрола на тоа дали управувањето се врши во согласност со одредбите на Законот за домување

- Врши инспекциски надзор над почитувањето на пропишаните норми и стандарди за домување
- Врши инспекциски надзор над уредувањето на закупничките односи согласно со Законот за домување
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и законите во надлежност на овластениот инспектор за домување надзор врши еден овластени инспектор за домување кој воедно е и комунален инспектор.

За извршените инспекциски надзори овластениот инспектор за домување изготвува месечни и квартални извештаи кои се доставуваат до раководителот на Одделението и се објавуваат на веб-страницата на Општина Пробиштип.

6.ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ (1 извршител)

Работните активности на овластениот инспектор за даноци и такси во текот на 2020 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за даноците од имот (Службен веник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 183/11, 54/12, 84/12, 17/13, 188/13 и 154/15)
- Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15)
- Закон за таксата за привремен престој („Службен весник на РМ" бр.19/96 и 154/15)

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуваат работите кои ги врши овластениот инспектор за даноци и такси и тоа:

За данокот на имот:

- Ги пријавува новите обврзници и за истите се врши проценка на имотот со кој се задолжува новиот даночен обврзник
- Од настанатите промени во доградба и реконструкција се пријавуват нови репроценки односно се зголемува облогот на даночниот бврзник
- Врши контрола на изготвениот облог и наплатата на истиот
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварените приходи по основ на даноци од имот

За комуналнита такса за истакната фирма

- Преку веб-страната на Централниот регистар ги следи сите промени со отворање и затворање на фирми и со работа на терен согласно Законот за комунални такси врши пријавување на нови обврзници за фирмарина
- Се врши контрола на терен за новоотворените фирми и подружници
- Ја следи наплатата на фирмарината во текот на годината
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварени приходи по основ на фирмарина

За таксата за привремен престој

- Се врши контрола на сместувачките капацитети преку книгата за гости колку ноќевања се остварени во претходниот месец и согласно Законот за таксата за привремен престој истите се должни до 15 во месецот за претходниот месец да ги уплатат средствата од кое 80% се приход на Општината а 20% се приход на Република Македонија
- Ја следи наплатата секој месец преку изводите од трезор
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварени приходи по основ на таксата за привремен престој.

За комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност

- По Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15), според член 3 став 1 точка 3 се плаќаат комунални такси за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, а според член 7 обврската за плаќање на комуналната такса настанува во моментот на користење на правото, предметот или услугата за кое е пропишано плаќање такса. Правниот субјект пред почнување на користење на правото должен е да поднесе барање до општината за да може да добие одобрение за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност
- Се следи наплатата секој ден преку изводите добиени од трезор
- Се врши контрола на правните субјекти на територијата на Општина Пробиштип и на лице место се утврдува фактичката состојба со изготвување на записник и задолжување на правниот субјект доколку користи а нема одобрение за користење на просторот пред деловниот објект за вршење на дејност
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварените приходи по основ на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност

Средства и услови потребни за извршување на инспекциските контроли и реализација на Програмата

Одделението за инспекциски работи ќе ја спроведува оваа Програма на територијата на Општина Пробиштип со следните видови инспектори:

- еден овластен градежен инспектор, кој воедно е и раководител на Одделението за инспекциски работи
- еден комунален инспектор кој воедно е и овластен инспектор за домување
- еден овластен инспектор за животна средина
- еден инспектор за патен сообраќај и патишта, кој воедно има и други работни обврски
- еден инспектор за даноци и такси и
- еден комунален редар

За спроведување на оваа Програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа:

- средства за извршување на актите на овластен градежен инспектор кои што се предвидени во Програмата **ЕО во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- средства за отстранување и расчистување на диви депонии во висина од **во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- Добра соработка со други институции кои што се исто така влкучени во делови од надлежностите на општинските инспектори
- Присуство на полиција (асистенција) во одредени случаи, кои се јавуваат на терен (отстранување на објекти, контрола на авто такси и другите видови превоз и др.)
- Ангажирање на други стручни институции од областа на градежништвото, јавната чистота, комуналната дејност и заштита на животната средина (изведувачи, извршители и слично)
- Редовни обуки, стручни советувања, семинари
- Опрема и службена облека за инспекторите и комуналниот редар

Периодот на реализација на оваа Програма е јануари-декември 2020 година.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/24
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 11 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), на предлог на Градоначалникот на Општина, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја усвои следната:

ПРОГРАМА
За управување со отпад на општина Пробиштип за 2019 година

Врз основа на Планот за управување со отпад и според резултатите добиени при оцената на состојбата, во општина Пробиштип годишно се создава по околу 5685 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад околу 95% организирано се собра и одложува на депонијата Озрен, одалечена 3,3 км од градот Пробиштип. Оваа депонија се користи од 1975 година, се наоѓа помеѓу ридови а отпадот се депонира во природно создаден дел (дупка). Вкупно зафатената површина на депонијата изнесува 35 000 м ^{2} и вкупно депониран отпад од 353846 м ^{3}. Со реализацијата на проектот за Регионална депонија овој отпад треба да се транспортира на новата локација.

Состав на отпад

Фракција	Застапеност (%)	Вкупно (тони)
Органски отпад	26.2%	1489,5
Дрво	2.7%	153,5
Хартија и картон	11.6%	659,5
Пластика	9.7%	551,4
Стакло	3.5%	199
Текстил	2.9%	164,8
Метали	2.6%	147,8
Опасен отпад	0.2%	11,4
Композити	2.2%	125
Комплексни производи	0.3%	17
Инертен отпад	3.6%	204,6
Други категории	3.6%	204,6
Ситни делови	30.9%	1756
Вкупно	100%	5685

Мерки, активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад

- Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад
- Во текот на оваа година треба да се реализира тендерска постапка за набавка на возила и опрема за селекција за сите јавни комунални претпријатија во Источниот плански регион, за етапно вклучување во проектот за изградба на Регионална депонија
- Се препорачува воспоставување на соработка и можности за изградба на постројки за рециклажа, на регионално ниво
- Компостирање на биоразградливиот отпад

- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање
- Воспоставување на домашно (индивидуално) компостирање, промовирање модел на компостирање

	Предвидени активности во програмата на општина Пробиштип			
	Акции од планот	Активност	Финансиски средства (ден)	Забелешка
1.	Јакнење на административните капацитети	Јакнење на капацитетите на ЈКП и општина Пробиштип	Нема финансиски последици	
		Нова организациона поставеност на ЈКП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад		
		Зголемување на капацитетите во општина Пробиштип за следење на проблемите во делот на животната средина		
		Техничко доопремување во ЈКП, со компјутери и опрема за подобро следење и ажурирање на податоците во делот на отпад		
2.	Комплетно затварање на постојната депонија (постигнување на технички минимум)	Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ -Осветлување и оградување -Интервенции до пристапниот пат до депонијата -Обезбедување со чуварска служба -Континуирано затрупување на дел од депонијата со земја.	Нема финансиски последици	Оваа активност е во надлежност на ЈКП Никола Карев
3.	Регионално управување со отпад во Источниот плански регион	Изработена е физибилити студија и техничка документација за регионално управување со отпад. Транспорт и складирање на отпадот од општина Пробиштип ќе почне да се врши на депонијата во Свети Николе.		Се работи за огромен проект кој е во фаза на реализација. Општина Пробиштип учествува со член односно претседател во регионалното координативно тело. Овие средства ќе се обезбедуваат преку Центарот за развој на Источниот плански регион со средства од ЕУ фондовите.
4.	Воведување на	Припремни работи за воведување	Нема	Набавка на

	систем за селектирање и собирање на отпад	системот (Подобрување на возниот парк и набавка на садови за оваа намена)	финансиск и последици	опрема и садови за селекција на сите ЈП кои ќе учествуваат во проектот за Регионална депонија за отпад во ИПР.
5.	Зголемена покриеност на населените места со организирано подигање на сметот и елиминирање на несоодветно депонирање на отпадот-појава на диви депонии	Во неколку помали населени места ЈКП отпочна со организирано подигање на сметот. Во Програмата за 2019 година ЈКП планира да опфати и нови населени места.		Оваа активност е во надлежност на ЈКП Никола Карев. Во Програмата за 2018 година ЈКП планира да опфати и нови населени места.
6.	Расчистување на диви депонии на територијата на општина Пробиштип	-Активно учество во проектот на МЖСПП и Асоцијацијата Ајде Македонија , "Македонија без отпад ".	50.000,00	Во акцијата се вклучени, сите училишта во општина Пробиштип и ангажирање на механизација во соработка со приватни фирми и компании
7.	Реализација на проект Био отпад , преку Програма Интер ак Балкам мед во соработка со Универзитет Гоце Делчев Штип, општина Картерини, општина Јерамасова и Технолочки институт Крит	Изградба на две постројки за Био отпад		Обезбедени ЕУ средства - 17 000 000
8.	Мониторинг на управување	-Изработка на база на податоци -Аплицирање по однос на повици и предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии		Во соработка со ЈКП
9.	Формирање на тим за ревизија	-Ревизија и продолжување на рок на План за управување со отпад на општина Пробиштип - Печатење на флаери, брошури	50.000,00	
10.	Регионална соработка	Подобрување на условите за работа на заедничкото ЈП со општина Кочани за СРТЦ Пониква		Предвидени се средства во буџетот на општина

				Пробиштип по однос на договорот и меморандумот со општина Кочани
11.	Санација и рекултивација на старата јаловишна депонија	По изработен проект, изнаоѓање инвеститори. Има заинтересирани инвеститори во делот на поставување на фотоволтаични системи и користење на алтернативни извори за производство на електрична енергија и заштита на животната средина	Нема финансиски последици	Изготвен е проект за санација и рекултивација чија вредност е 246 000 000 денари. Има заинтересирани инвеститори за инсталирање во фотоволтаични систени за производство на електрична енергија, од алтернативни извори и заштита на животната средина
12.	Едукација и одржување мерки за управување со азбестен отпад на јавни и правни објекти	-Предавања и работилници -Мапирање на објекти со азбестни кровови	15.000,00	
13.	Подготовка на проектни студии (Студија за изводливост, Оцена на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки	Подготовка на проектни студии (Студија за изводливост, Оцена на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки), проектна и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион“,	финансиран од страна на Оперативната програма за регионален развој на ЕУ, реф.бр. EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 2016-2017 година-	буџет за изработка 950 000 евра, тековен проект
14.	Затворање на несоодветните депонии и дивите депонии за Источниот и Североисточниот регион	Затворање на несоодветните депонии и дивите депонии за Источниот и Североисточниот регион (за Источен регион, ремедијација на 12 депонии и тоа депониите во Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци,	проектот е повеќегодишен, започнува во 2017 година,	за реализација би биле потребни **7 722 957,00 евра со вклучен ддв**

		Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Зрновци и Свети Николе, вкупни трошоци за фаза 1 и фаза 2 (подготвителни работи, експропријација на земјиште, инвестициони трошоци, надзор, мониторинг и трошоци за одржување по затворање на депониите),		
15.	Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен регион	Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен регион (канти, контејнери, единици за домашно компостирање, разни видови на возила за собирање и транспорт на отпад со капацитет од 4 до 22м3, возило за миење контејнери, следење на возилата и планирање на маршутите (хардвер и софтвер),	проектот е повеќегоди шен, започнува во 2017 година	за реализација предвидени вкупно 5 818 115 евра,
	ВКУПНО		115.000,00	

ИДНИ АКТИВНОСТИ

Планирани проекти за регионално управување со отпад во Источниот и Североисточниот плански регион за 2020 година

Според динамиката од 2015 до 2020 година, со средства грант од Европската Унија ќе бидат спроведени односно директно реализирани следните проекти:

1. Затворање на несоодветните депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион, вредност **10 500 000 евра,** (тендерот за овој проект е објавен во текот на 2019 година и во моментов се врши негово оценување)
2. Надзор над градежните работи на проектот Затворање на несоодветните депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион;
3. Набавка на опрема и возила за собирање и транспорт на отпад во Источниот и Североисточниот регион, вредност **5 500 000 евра. (**тендерот за овој проект е објавен во текот на 2019 година и во моментов се врши негово оценување)
4. Воспоставување на интегриран финансиски самоодржлив регионален систем за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, кој што вклучува изградба на регионалната инсталација за преработка и третман на отпад со вклучена регионална депонија и 6 (шест) претоварни станици за отпад, вредност **28 000 000 евра**
5. Надзор на инвестицискиот проект - Воспоставување на интегриран финансиски самоодржлив регионален систем за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион
6. Техничка помош на регионалните претпријатија задолжени за управување со отпад и развој на кампањи за подигање на јавната свест (техничка помош за воспоставување на институционална инфраструктура односно формирање на идното заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, вредност **2 000 000 евра**

7. Формирање на идното заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион и негово започнување со работа

Во прилог доставуваме Решение за одобрување на План за управување со отпад на општина Пробиштип за период, донесено од страна на МЖСПП.

Планот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/25 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одрѓана на ден 25.11.2019 година, ја донесе следната:

Тековно оперативна програма за работа на Единицата за Територијалната противпожарна заштита Пробиштип

Оперативната програма на Оделението за противпожарна заштита во делот за изготвување на буџето на Општина Пробиштип се состои од збир приоритетни потреби кој треба да се постигнат со средства од буџетот на Општина Пробиштип.
Програмата има за цел да го одржи тековното работење на ТППЕ Пробиштип и подобри условите за работа со цел да се зголеми ефикасноста на единицата за 2020 година.

Р.број	програм а	опис	Износ
1	Њ0	Набавка на возило за достава на вода (пратечко возило цистерна) половно или ново	900.000
2	Њ0	Набавка на опрема за гасње (дувалки)	50.000
3	Њ0	Услуга за сервисирање на ПП опрема и изолациони апарати	80.000
4	Њ0	**Електрична енергија**	**150.000**
5	Њ0	**Телефон**	**50.000**
6	Њ0	**Трошоци за гориво**	**150.000**
7	Њ0	**Регистрација на возила**	**30.000**
8	Њ0	**Набвка на резервни делови и флуиди за ПП возила**	**150.000**
9	Њ0	Осигурување од повреда и смрт	30.000
10	Њ0	Набвка на униформи по правилник	**200.000**
11	Њ0	**Набавка на информатичка опрема**	**15.000**
12	Њ0	Набавка на комуникациски уреди (токи – воки)	30.000
13	Њ0	**Учество на обуки и семинари за БЗР,ЗС и ПП заштита**	**30.000**
		Вкупно	**1 865.000**

Задебелените редови се трошоци кој се спроведуваат со останатите набавки на другите оделенија во општината.

Изготвил:Оделение за противпожарна заштита
Командир на ТППЕ Милан Терзиќ
Образложение:
1.ЊО- Набавка на ново или половно ремонтирано пратечко возило е неопходно пораи потребата од транспорт, дотур на вода (средство за гасење), опрема, на места на појава на пожар, шумски пространства,урбани средини идр. Цистерната треба да биде со капацитет од 6000-10 000 литри вода.

2.ЊО- Набавка на опрема за гасење (дувалки)
Во пракса последно време каде се актуелни полските пожари поради сушните години, како ефикасни во гасње на истите се покажаа дувалки кој работат на погонско гориво.
Ефикасни се бидејки се користат подолго време и се лесни за манипулација од досегашните мешини (напртњачи) кој мораат да се полнат со вода после кратко користење.

3.ЊО- Сервисирање на ПП опрема и изолациони апарати.
ПП преносни апарати (С6, С9, $ЦО_2$) законски се контролираат и сервисираат најмалку еднаш на година дена од овластена установа. Повторно полнење после употреба и замена на оштетени делови од апаратите(манометри, црева, млазници, вентили, прав).
Изолационите апарати за заштита на дишните органи за влегување во котаминирана средина кој се состои од боца со компримиран воздух (200 бара), седло за боцата, приклучни црева и приклучоци, манометар, сигнализатор за опасност, заштитна маска.
Сите овие делови се законски подложни на контрола од овластена установа.
Неисправни изолациони апарати се чест причинител на повреди и смртни случаеви при интервенција на пожарникарите.

4.ЊО- Потрошувачката на електрична енергија е во просек 15 000 Kw/h на годишно ниво. Затоплувањето на просториите на ТППЕ е со грејни тела на електрична енергија.(потребно изнаоѓање решение за намалување на овие трошоци).

5.ЊО-ТППЕ поседува една специјална линија за дојава на пожари и други несреки 193 и 12 службени мобилни телефони.

6.ЊО- ТППЕ поседува три ПП возила и две теренски возила. Потрошувачката варира во зависност од интервенциите.

7.ЊО- ТППЕ поседува три ПП возила и две теренски возила.Овие возила учествуваат во сообраќајот и подлежни на регистрирање, осигурување и контрока на исправноста.

8.ЊО-Возилата во ТППЕ се од постарите генерации на специјални возила и се чести кваровите од различни природи.Затоа има поттрреба од редовно одржување и замена на дотрајаните делови.

9.ЊО- Законска е обврска на Работодавачот поради специфичноста на дејноста која ја обавуваат пожарникарите да бидат осигурани од повреда, инвалидитет и смрт.Закон за пожарникарство сл.весник 39/2016 член 17.

10.ЊО- Набавка на униформи по нов правилник објавен во Службен весник на РСМ, бр. 166 од 9.8.2019 година, вкупен број на униформи е 13 броја.

11.ЊО- Набавка на информатичка опрема.
ТППЕ не поседува употреблива информатичка опрема која е прекупотребна за тековното работење.Потребно е набавка на компјутер и штампач за изготвување на извештајите за тековната работа на ТППЕ, добивање на потребните информации по електронски пат и

одговор на бараните информации. Досегашните извештаји за тековната работа ги правиме и изготвуваме во другите оделенија во општината.

12.ЊО-Набавка на комуникациски уреди (токи – воки).
Во пракса се покажа дека при интервенција на ТППЕ не е можна комуникација помеѓу пожарникарит и пожарникарите со ТППЕ. Непостоење на комуникација ја отежнува интервенцијата и во некој случаји се донесуваат погрешни одлуки при интервенцијата поради неможност од комуникација кој одлуки можат да предизвикаат несакани последици и по опремата , објектот кој се спасува или живот кој се спасува.Со личната заштитна опрема која ја користат пожарникарите неможно е користење насегашните генерации на мобилни телефони за комуникација.Потребна е набавка на апарати за аудио врска(токи-воки) комада 10 со базна станица во седиштето на ТППЕ или користење на државните базни станици во општината.

13.ЊО-Учество на обуки и семинари за ЗС , БЗР и ПП заштита.
Поради новите научни достигнување во областа на заштита од пожари, производство на нови генерации на опрема и средства за гасење на пожар, нови искуствени начини и тактики во одредени области на заштита и спасување со користење на нови и постоечки технологии на индустриското производство, земјоделско производство, сообраќај и транспорт неопходно е посетување на семинари, обуки и предавања кој се организираат во оваа област во државата и странство. ТППЕ веке имаше покани за присуство на вакви обуки но поради не обезбедени средства во буџетот изостанаа обуките.
Припадниците на ТППЕ се овластени службени лица во областа на безбедноста на Р.М.и како такви мораат да ги следат новите достигнувања во областа на заштита и спасување и измените во законот за заштита и спасување и безбедности здравје при работа.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/27 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (СлужбенВесник на општина Пробиштип бр. 4/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 83, 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 25.11.2019 година го донесе следниот:

АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ
во Општина Пробиштип за 2020 година

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:
1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
2. Локален пат Злетово – с.Лесново и с. Лесново
3. Локален пат Пробиштип - с.Добрево - с.Древено
4.Локален пат Пробиштип - с.Плешенци – с.Горни Стубол
5. Локален пат с.Долни Стубол – с.Стрисовци
5. Локален пат Стрмош - Дренак
6. Локален пат Пробиштип - с.Марчино
7. Локален пат Злетово - с.Турско Рудари - с.Шталковица
9. Улица „Миро Барага“
10. Локален пат - с.Лезово - с.Трооло
11. Пешачки патеки во градот Пробиштип
12. Фудбалски и тениски терени во Пробиштип
13. Пешачки патеки во Злетово

Како партнер учесник во реализацијата на планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2020 година ќе биде ЈКП „Никола Карев” – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани најмногу 10 лица со скратено работно време од 6 часа дневно односно 30 часа неделно за период од најмногу 10 месеци. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на јавен оглас.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Финанасиски средства потребни за реализација на Акциониот план се:

1. 10 лица x 10 месеци x 8.000 денари надоместок/месец = 800.000,00 денари
2. 10 лица x 10 месеци x 889 денари персонален данок/месец = 88.900,00 денари
3. 10 лица x 10 месеци x 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец = 63.300,00 денари
4. Трошоци за набавка на алат и опрема (лопати, копачи, колички, заштитни ракавици, елеци и сл.) = 60.000,00 денари
5. Вкупно потребни средства за реализација на планот = 1.012.200,00 денари

Акциониот план за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2020 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип и ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1080/28
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Согласно член 17-а став 1,2,3 и член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на република Македонија бр.24/08 и 91/09) и Програмата за изработка на локална урбанистичка планска документација на општина Пробиштип бр.07-744/9 (Сл. Гласник на општина Пробиштип бр.20/2010 година), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година расправајќи по иницијативата за изработка на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги Бака енерџи доо Скопје, Татјана Јовановска од Скопје и Елизабета Ламбевска од Скопје бр. 10-1038/1 од 05.11.2019 година го донесе следниот:

ОДЛУКА

За прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички план за вон населено место за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште и КО Петршино, со самофинансирање

Член 1

Се прифаќа иницијативата за изработка на Урбанистички план за вон населено место за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште и КО Петршино, со самофинансирање поднесена од Друштвото за производство, трговија и услуги Бака енерџи доо Скопје, Татјана Јовановска од Скопје и Елизабета Ламбевска од Скопје.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/29
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, донесе:

ОДЛУКА

За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Самофинансирачки	Дотации	Донации	Кредити
Се зголемуваат приходите на следните потставки:				
А00 Свет на Општина				
741120 Блок дотации на општината по одделени намени				
	0	234.422	0	0
	0	234.422	0	0

И се распоредуваат на следните расходни потставки:

K20 Музичка и сценско-уметничка дејност				
401110 Основни плати функционери	0	141.718	0	0
402110 Основни плати за ПИО	0	65.954	0	0
421110 Електрична енергија	0	26.750	0	0
	0	234.422	0	0

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/30
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, донесе:

ОДЛУКА
За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Самофинансирачки	Дотации	Донации	Кредити
Се зголемуваат приходите на следните потставки:				
A00 Свет на Општина				
741120 Блок дотации на општината по одделени намени				
	0	1.600.000	0	0
	0	1.600.000	0	0

И се распоредуваат на следните расходни потставки:

N20 Средно образование				
423610 Наставно образовни помагала	0	60.000	0	0
425760 Превозни услуги во образован	0	50.000	0	0
481230 Реконструк.на деловни објекти	0	1.420.000	0	0
483190 Купување на друг мебел	0	70.000	0	0
	0	1.600.000	0	0

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/31
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 8 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип“ бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општината Пробиштип, на седницата одржана на 25.11.2019 година, донесе:

ОДЛУКА
за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие за регионлно управување со отпад.

Член 2

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/32
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на РМ бр.79/09) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02) Член 23-а и 46 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2004, 102/08, 143/08, 124/010, 51/011, 123/012, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16, 63/16) и член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ број (8/96, 6/ 02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/010, 6/012, 138/14, 25/15, 39/16 и 64/18), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година година, ја донесе следнава:

ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука советите на општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Куманово, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане и Свети Николе, основаат заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпадот во Источниот и Североисточниот плански регион и општина Свети Николе.

Член 2

Заедничкото јавно претрпијатие е со назив „Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ”ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе со седиште во општина Свети Николе на адреса: Плоштад „Илинден“ бб Свети Николе.

Скратениот назив на претрпијатието гласи: ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе.

Член 3

Износот на средства за основање на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе изнесува 3 000 000 денари.

Средствата од став 1 од овој член ги обезбедуваат општините-основачи во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14) и тоа:

Старо Нагоричане 4,840 жители - 38.913 денари
Ранковце 4,144 жители - 33.317 денари
Липково 27,058 жители- 217.542 денари
Куманово 105,484 жители - 848.074 денари
Крива Паланка 20,820 жители - 167.389 денари
Кратово 10,441 жители - 83.944 денари
Берово 13,941 жители - 112.083 денари
Делчево 17,505 жители - 140.737 денари
Карбинци 4,012 жители - 32.256 денари
Кочани 38,092 жители - 306.253 денари
Виница 19,938 жители - 160.298 денари
Македонска Каменица 8.110 жители - 65.204 денари
Пехчево 5,517 жители - 44.356 денари
Пробиштип 16,193 жители - 130.189 денари
Чешиново- Облешево 7,490 жители - 60.219 денари
Штип 47,796 жители - 384.272 денари
Зрновци 3,264 жители - 26.242 денари
Свети Николе 18,497 жители - 148.713 денари

Член 4

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе ќе ги врши следните дејности :

38 - Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали

38.1 - ***Собирање на отпад***
38.11 - Собирање на безопасен отпад0
38.12 - Собирање на опасен отпад
38.2 - ***Обработка и отстранување на отпад***
38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад
38.22 - Обработка и отстранување на опасен отпад
38.3 - *Обновување на материјали*
38.31 - Демонтирање на крш
38.32 - Обновување на посебно издвоени материјали
39. -Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад
39.00 Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад

Приоритетна дејност на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе ќе биде :

38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад

Член 5

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе се организира така што дејноста, заради која е основано, ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;
2. Ефикасност и транспарентност во работењето;

3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Член 6

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе се организира на начин што ќе обезбеди поттикнување и развој на управувањето со отпадот на регионално ниво согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија и Планот за управување со отпад на Република Македонија, воспоставување и организирање регионален систем за управување со отпад којшто особено се состои од регионална депонија за комунален отпад и/или други објекти и инсталации за постапување со отпадот.

Член 7

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе се организира како единствено јавно претпријатие и дејностите набројани во членот 4 на оваа Одлука, ќе ги извршува на територијата на сите општини основачи на претпријатието.

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе има 6 претоварни станици кои се организирани како подружници и тоа:

- Претоварна станица (ПС) Подружница Берово- за општина Берово и општина Пехчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Македонска Каменица- за општина Македонска Каменица и општина Делчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Виница- за општина Кочани, општина Виница, општина Зрновци, општина Чешиново- Облешево, за ПС Берово и ПС Македонска Каменица
- Претоварна станица (ПС) Подружница Ранковце- за општина Крива Паланка, за општина Кратово и за општина Ранковце
- Претоварна станица (ПС) Подружница Куманово- за општина Куманово, општина Липково, општина Старо Нагоричане и ПС Ранковце.
- Претоварна станица (ПС) Подружница Штип- за општина Штип и општина Карбинци.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

Член 8

Одлуките на органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе ќе се спроведуваат на единствен начин за основачите.

Член 9

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе за обврските во правниот промет со трети лица, одговара со целиот свој имот.

Член 10

Финансирањето на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе ќе се врши:

- од остварени сопствени приходи на претпријатието,
- од буџетите на општините основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14),
-од донации и спонзорства и
-од други извори на приходи.

Основачите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе со посебни одлуки ќе отстапат на користење имот и опрема за работата на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе.

Член 11

За лице кое ќе ги врши работите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе до негово конституирање се именува Драган Паневски од Свети Николе, именуван со Одлука за именување на лице кои ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад бр.0801-624 од 05.11.2019 година на Советот на општина Свети Николе.

Член 12

Органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење (Надзорен одбор) и Директор.

Управниот одбор се состои од 15 (петнаесет) членови кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат заедничкото јавно претпријатие и тоа на следниот начин:

Советот на општина Куманово именува 4 (четири) члена
Советот на општина Штип именува 2 (два) члена
Советот на општина Крива Планака именува 1 (еден) член
Советот на општина Кочани именува 2 (два) члена
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Виница именува 1 (еден) член
Советот на општина Делчево именува 1 (еден) члена
Советот на општина Пробиштип именува 1 (еден) член
Советот на општина Ранковце именува 1 (еден) член
Советот на општина Липково именува 1 (еден) член

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на управниот одбор кој самиот го именувал.

Чл.13

Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе (надзорен одбор) се состои од 5 (пет) члена кои ги ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе и тоа на следниот начин:

Советот на општина Старо Нагоричане именува 1 (еден) член
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Берово именува 1 (еден) член
Советот на општина Македонска Каменица именува 1 (еден) член
Советот на општина Кратово именува 1 (еден) член.

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе (надзорен одбор) кој самиот го именувал.

Член 14

Со работата на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе раководи Директор.

Директорот се избира по пат на јавен оглас, во согласност со Законот за јавни претпријатија, а изборот го вршат градоначалниците на општините што го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе со апсолутно мнозинство, односно со 51 бод од вкупно 100 бода, при што вредноста на гласот на секој градоначалник е изразена во бодови на следниов начин:

Старо Нагоричане- 1 бод
Ранковце- 1 бод
Липково- 7 бода
Куманово- 28 бода

Крива Паланка- 6 бода
Кратово- 3 бода
Берово- 4 бода
Делчево- 5 бода
Карбинци- 1 бод
Кочани- 10 бода
Виница- 5 бода
Македонска Каменица- 2 бода
Пехчево- 2 бода
Пробиштип- 4 бода
Чешиново-Овлешево- 2 бода
Штип- 13 бода
Зрновци- 1 бод
Свети Николе- 5 бода

Вршител на должноста Директор до избор на Директор именуваат градоначалниците на општините што го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе на ист начин како што избираат и директор согласно став 2 од овој член.

Директорот на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе се разрешува со гласање на ист начин како што се врши изборот, согласно став 2 од овој член.

Одлуките на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе за распишување на јавен оглас, за избор и разрешување на директор и за именување и разрешување на вршител на должност директор во име на сите градоначалници ги потпишува Градоначалникот на општина Свети Николе.

Член 15

Рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе е 90 дена од денот на уписот во Централниот регистар на РСМ.

Член 16

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Пробиштип, а ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на советите на сите општини основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ" Свети Николе.

Број 26-1080/33
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) а во врска со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

ОДЛУКА

За отуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука се утврдува недвижниот имот сопственост на оштина Пробиштип кој ќе се отуѓува, начинот и постапката за негово отуѓување како и пазарната вредност на истиот.

Член 2

Продажбата на недвижниот имот сопственост на општина Пробиштип ќе се изврши во постапка утврдена со Законот за користење и располагање со стварите во државна соспственост и со стварите во општинска сопственост, по пат на електронско јавно наддавање.

Член 3

Продажба ќе се врши на следниот недвижен имот во сопственост на општина Пробиштип и тоа:

1. Недвижен имот-деловен објект евидентиран во Имотен лист бр.1276 за КО Злетово
   - КП бр. 1422, адреса Злетово, бр. на зграда 1, намена на зграда Б4-6, влез 1, кат ПР, намена деловен простор, внатрешна површина од 44 м2

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија –Т дооел Скопје, Подружница 2 Картово Пр.бр. 209-И/2019 од 28.10.2019 година и изнесува 406.444,00 денари.

Член 4

Утврдената пазарна вредност на недвижноста претставува почетна цена за електронското јавното наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна соспственост и со стварите во општинска сопственост .

Член 5

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањет во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/34 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) а на основа барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Кочани бр.11-2002/1 од 13.11.2019 година, Советот на општина Пробиштип на својата 30 редовна седница одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање одобрение за користење на имот во сопственост на општина Пробиштип

Член 1

Со оваа Одлука општина Пробиштип како примател на донација на СНОУ БОРД ПАРК во туристичкиот локалитет ПОНИКВА од АД МЕПСО Скопје, и дава Одобрение на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Кочани за развивање на нисконапонска приклучна мрежа на локалитетот Пониква од трафостаница 10(20) /0,4 КВ , снага 250 Ква , со идентификационен број 309092 , со цел да се приклучат на неа сите баратели , иматели на викенд куќи и деловни туристички објекти заради нивно ставање во функција.

Член 2

Во моментот кога ќе се создадат условите, општина Пробиштип да може да ја евидентира истата во катастарските книги за упис на недвижности , истата ќе биде отстапена во сопственост на ЕВН Македонија со надоместок утврден од овластен проценител, во процедура согласно законот.

Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/35
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска објавениот Повик за предлози, Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од национални и меѓународни равојни програми, Фонд за техничка документација, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање подршка и приоритет на Проектот „Подготовка на градежно техничка документација за проектот Приклучување на левиот крак во колекторскиот систем во Злетово,,

Член 1

Со оваа Одлука Општина Пробиштип дава приоритет и подршка на проектот со наслов „Подготовка на градежно техничка документација за проектот Приклучување на левиот крак во колекторскиот систем во Злетово,, и со истиот Општина Пробиштип да аплицира на објавениот Повик за предлози, Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од национални и меѓународни равојни програми, Фонд за техничка документација, објавен од страна на UNDP и Шведската агенција за меѓуныродеен развој (СИДА) во рамките на Проектот Градење на општински капацитети за спроведување на проекти.

Член 2

Се задолжува општинската администрација на општина Пробиштип квалитетно да ја подготви апликацијата со целокупната потребна документација со цел донаторот позитивно да се изјасни и да го одобри проектот .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/36
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 2 од Статутот на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За формирање на советодавна граѓанска група на Општина Пробиштип Од областа на животната средина

Член 1

Се формира советодавна граѓанска група на општина Пробиштип од областа на животната средина .

Советодавната граѓанска група ќе работи како советодавно тело на Советот на Општината за прашања од областа на животната средина

Советодавнана граѓанска група ќе има за задача да доставува иницијативи и предлози за унаптредување и заштита на животната средина во општина Пробиштип.

Член 2

Советодавната граѓанска група се состои од 4 члена и координатор кои се избираат од редот на стручните лица во општината од областа на животната средина.

За координатор и членови во советодавната граѓанска група се избираат:

-Светлана Станојковска за координатор

-Наташа Смилковска за член

-Даниела Георгиевски за член

-Анета Панова Цветановска за член

-Славчо Николовски за член

Член 3

Советодавната граѓанска група ќе работи на седници кои ќе ги свикува координаторот или на иницијатива на членовите.

За работата на советодавната граѓанска група ќе важат одредбите од Деловникот на Советот на Општината кој се однесува на постојаните и повремени комисии при Советот на Општината.

Член 4

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/37
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За отстапување на стари демонтирани прозори, врати и столици на Јавната општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар од Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука на Јавната општинската установа Дом на култура Злетовски рудар од Пробиштип се отстапуваат старите прозори и врати кои се демонтираат од зградата на кино салата во Пробиштип и старите столици од кино салата заради реализација на проектот „ Реконструкција на културен дом-кино сала во Пробиштип„ финансиран од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој.

Член 2

Старите демонтирани прозори, врати и прозорци ќе се предадат на Општинската установа Дом на култура Злетовски рудар од Пробиштип со записник од стана на Комисија за предавање формирана од Градоначалникот на Општината и комисија за прием формирана од Домот на култура Пробиштип.

Член 3

Јавната општинската установа Дом на култура Злетовски рудар од Пробиштип ќе може да располага со предадените демонтирани прозори, врати и столици во зависност од нивните потреби, во согласност со закон.

Член 4

Одлуката стаува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/38 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, донесе:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Буџет	Самофин.	Дотации	Донации	Кредити
N10 Основно образование					
401130 Основни плати-др.вработени	0	0	-100.000	0	0
402110 Основни придонеси ПИО	0	0	100.000	0	0
	0	0	0	0	0

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/39 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, донесе:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Буџет	Самофин.	Дотации	Донации	Кредити
N20 Средно образование					
401130 Основни плати-др.вработени	0	0	-100.000	0	0
402110 Основни придонеси ПИО	0	0	100.000	0	0
	0	0	0	0	0

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1080/40
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Рушидова Зура ул.Доне Божинов бр.32 Пробиштип бр. 26-1040/1 од 05.11.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Рушидова Зура ул.Доне Божинов бр.32 Пробиштип бр. 26-1040/1 од 05.11.2019 година, за одобрување на финансиска помош за набава на наочари за детето Самира Рушидова се прифаќа и се одобруват 7.500 денари за набавка на наочари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-1
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Гичев Борче ул.Македонија бр.261 Злетово бр. 26-1037/1 од 05.11.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Гичев Борче ул.Македонија бр.261 Злетово бр. 26-1037/1 од 05.11.2019 година, за одобрување на парична помош за лекување-операција на тумор на мозок во Турција се прифаќа и се одобруват 30.000 денари за лекување во странство.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-2
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Лазо Наунов од село Ратавици, бр. 26-997/1 од 21.10.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето Лазо Наунов од село Ратавици, бр. 26-997/1 од 21.10.2019 година, за одобрување на финансиска помош заради лоша материјална и финансиска состојба како самохран родител се одбива од причина што барателот не ги исполнува условите утврдени во Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип, односно барателот во моментот на разгледување на барањето веќе е вработен.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-3
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Стаменова Убавка ул.11-ти Октомври бр.122 Пробиштип бр. 26-1009/1 од 29.10.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Стаменова Убавка ул.11-ти Октомври бр.122 Пробиштип бр. 26-1009/1 од 29.10.2019 година, за одобрување на парична помош поради лоша финансиска состојба, како корисник за гарантирана минимална помош се прифаќа и се одобруват 2.000 денари како лице во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-4
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Санела Симонова од село Пишица бр.26-974/1 од 16.10.2019 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Санела Симонова од село Пишица бр.26-974/1 од 16.10.2019 година, за одобрување на парична помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобрув ат 10.000 денари како семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Воислав Николов ул.Миро Барага бр.26 Пробиштип бр. 26-970/1 од 15.10.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Воислав Николов ул.Миро Барага бр.26 Пробиштип бр. 26-970/1 од 15.10.2019 година, за изградба на потпорен ѕид по заклучок од Совет, Барањето се одбива бидејки извршен е увид на лице место од страна на стручните служби во општината и констатирано е дека нема опасност од свлечување и одрони на патот па затоа изградбата од потпорен ѕид не е неопходна.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Љупчо Петковски ул.Доне Божинов бр.18 Пробиштип, бр. 26-875/1 од 10.09.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Љупчо Петковски ул.Доне Божинов бр.18 Пробиштип, бр. 26-875/1 од 10.09.2019 година, за доделување на стан во зградата на КП дом во Пробиштип, се разгледа. Во моментот Општината не е во можност да располага со зградата на КП дом во Пробиштип, но барањето ќе се има во предвид кога ќе се создадат услови за тоа.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-7
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од жителите на улица Македонски револуционери Пробиштип, бр. 26-995/1 од 21.10.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од жителите на улица Македонски револуционери Пробиштип, бр. 26-995/1 од 21.10.2019 година, за поставување на клупи за одмор во близина на игралиштето, се разгледа. Барањето ќе се има во предвид во Програмата за урбана опрема за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-8
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од жителите на улица Јоаким Крчовски Пробиштип, бр. 26-911/1 од 20.09.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од жителите на улица Јоаким Крчовски Пробиштип, бр. 26-911/1 од 20.09.2019 година, за асфалтирање на слепа уличка над зградите, се разгледа. Барањето ќе се има во предвид доколку има можност во рамките на Програмата за уредување на градежно земјиште и тендерот за земјени работи на Општина Пробиштип за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-9
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од

Месна Заедница населба Калниште Пробиштип, бр. 26-996/1 од 21.10.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Барањето од Месна Заедница населба Калниште Пробиштип, бр. 26-996/1 од 21.10.2019 година, за решавање на повеќе комунални проблеми во населбата, се разгледа. Барањето ќе се има во предвид при подготовка на инвестиционите програми на општина Пробиштип за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Месна Заедница село Горни Стубол, бр. 26-890/1 од 17.09.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Барањето од Месна Заедница село Горни Стубол, бр. 26-890/1 од 17.09.2019 година, за санирање на локален пат село Долни Стубол-село Горни Стубол, се разгледа. Барањето се разгледа и ќе се има во предвид при подготовка на инвестиционите програми на општина Пробиштип за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
25.11.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Розета Митевска од село Трипатанци бр. 26-1078/1 од 18.11.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Барањето од Розета Митевска од село Трипатанци бр. 26-1078/1 од 18.11.2019 година, за одобрување на финансиска помош поради ненадејна смрт на дете, се прифаќа и се одобруват 12.000 денари како помош на семејство во социјален ризик.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-12
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 25.11.2019 година, расправајќи по барањето од Стојче Василев ул. Јане Сандански бр.7 Пробиштип бр. 26-1062/1 од 13.11.2019 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Стојче Василев ул. Јане Сандански бр.7 Пробиштип бр. 26-1062/1 од 13.11.2019 година, за одобрување на финансиска помош за лекување на сопругата од тешка болест,се разгледа. Се задолжува барателот да достави сметки и фактури за лекувањето на сопругата и фактури за долг кон други институции, кои ќе бидат разгледани на наредна седница на комисијата и по истите ќе заземе став.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1080/41-13
25.11.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.